# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 2
18 февруари 2021 година

Година LVIII


СОДРЖИНА


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 52. | Решение за објавување на Одлука за техничка исправка на Детален урбанистички план за дел од УЕ 7 дел од „Горно Маало“ | 181 |
| 53. | Одлука за техничка исправка на Детален урбанистички план за дел од УЕ 7 дел од „Горно Маало“ | 181 |
| 54. | Решение за објавување на Одлука за донесување на ДУП за измена и дополна на дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7-Општина Штип | 182 |
| 55. | Одлука за донесување на ДУП за измена и дополна на дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7-Општина Штип | 183 |

| | | |
|---|---|---|
| 56. | Решение за објавување на Одлука за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 184 |
| 57. | Одлука за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип | 184 |
| 58. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за работа на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип | 185 |
| 59. | Одлука за одобрување финансиски средства за работа на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип | 186 |
| 60. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Тениски клуб „Триумф“-Штип | 186 |
| 61. | Одлука за одобрување финансиски средства на Тениски клуб „Триумф“-Штип | 187 |
| 62. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Одбојкарски клуб „Штип УГД“-Штип | 188 |
| 63. | Одлука за одобрување финансиски средства на Одбојкарски клуб „Штип УГД“-Штип | 188 |
| 64. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Ракометен клуб „Текстилец“-Штип | 189 |
| 65. | Одлука за одобрување финансиски средства на Ракометен клуб „Текстилец“-Штип | 189 |
| 66. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Боречки клуб „Балканец 2008“-Штип | 190 |
| 67. | Одлука за одобрување финансиски средства на Боречки клуб „Балканец 2008“-Штип | 190 |
| 68. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување | 191 |
| 69. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување | 192 |
| 70. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Астибо“-Штип | 192 |
| 71. | Решение за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Астибо“-Штип | 193 |
| 72. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување на членови на Локален совет за превенција на Општина Штип | 194 |
| 73. | Решение за разрешување и именување на членови на Локален совет за превенција на Општина Штип | 194 |

| | | |
|---|---|---|
| 74. | Решение за објавување на Решение за разрешување и именување член на Управен одбор на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип | 195 |
| 75. | Решение за разрешување и именување член на Управен одбор на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип | 195 |
| 76. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Програма за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021-2023 година | 196 |
| 77. | Одлука за донесување на Програма за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021-2023 година | 197 |
| 78. | Програма за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021-2023 година | 197 |
| 79. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021 година | 235 |
| 80. | Одлука за донесување на Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021 година | 235 |
| 81. | Акционен план за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021 година | 236 |
| 82. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 242 |
| 83. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2021 година | 243 |
| 84. | Решение за објавување на Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 година | 245 |
| 85. | Програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2021 година | 246 |
| 86. | Решение за објавување на Програма за јавно осветлување за 2021 година | 249 |
| 87. | Програма за јавно осветлување за 2021 година | 250 |
| 88. | Решение за објавување на Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2021 година | 251 |
| 89. | Програма за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2021 година | 252 |
| 90. | Решение за објавување на Програма за локален економски развој на Општина Штип за 2021 година | 264 |
| 91. | Програма за локален економски развој на Општина Штип за 2021 година | 264 |
| 92. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на | 272 |

| | | |
|---|---|---|
| | Квартален извештај за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година за Буџетот на Општина Штип за 2020 година | |
| 93. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година за Буџетот на Општина Штип за 2020 година | 273 |
| 94. | Квартален извештај за период од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година за Буџетот на Општина Штип за 2020 година | 274 |
| 95. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за култура на Општина Штип за 2020 година | 301 |
| 96. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за култура на Општина Штип за 2020 година | 301 |
| 97. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2020 година | 302 |
| 98. | Заклучок за усвојување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2020 година | 302 |
| 99. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 303 |
| 100. | Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за располагање со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Штип за 2020 година | 304 |
| 101. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јули-септември 2020 година | 304 |
| 102. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот јули-септември 2020 година | 305 |
| 103. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот октомври-декември 2020 година | 305 |
| 104. | Заклучок за усвојување на Извештај за извршување на одлуките на Советот на Општина Штип за периодот | 306 |

| | | |
|---|---|---|
| | октомври-декември 2020 година | |
| 105. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Информација за работата на Територијалната против пожарна единица на Општина Штип во 2020 година | 307 |
| 106. | Заклучок за усвојување на Информација за работата на Територијалната против пожарна единица на Општина Штип во 2020 година | 307 |
| 107. | Правилник за измена на Правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип | 308 |

52.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА
НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД
УЕ 7 ДЕЛ ОД „ГОРНО МААЛО“

I

Се објавува Одлуката за техничка исправка на Детален урбанистички план за дел од УЕ 7 дел од „Горно Маало“.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1008/2 — Општина Штип
18 февруари 2021 година — Градоначалник
Ш т и п — Сашко Николов, с. р.

53.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ број 32/2020) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН
ЗА ДЕЛ ОД УЕ 7 ДЕЛ ОД „ГОРНО МААЛО“

Член 1

Во Деталниот урбанистички план за дел од УЕ 7 дел од „Горно Маало“ донесен со Одлука на Совет на Општина Штип број 07-9850/1 од 26.12.2013 година, се врши усогласување на параметрите на табеларниот дел со графичкиот приказ, така што во синтезниот план табеларниот преглед за број на парцела 89:

„

| Урбанистички параметри на парцелите | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на | Основна | Компатибилна | Максимална | Површина | Површина | Бруто | |

| парц. | hamena | класа | висина | на парцела (м2) | за градба (м2) | развиена површина (м2) | Процент на изграденост % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **89.** | А1 | Б1 | П+1 (Нмах=6.5м)<br>П+2 (Нмах=9.0м) | 207.00 | 116.20 | 232.00<br>349.00 | 57 |

“ се менува и гласи:

„

| **Урбанистички параметри на парцелите** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Бр. на парц.** | **Основна hamena** | **Компатибилна класа** | **Максимална висина** | **Површина на парцела (м2)** | **Површина за градба (м2)** | **Бруто развиена површина (м2)** | **Процент на изграденост %** |
| **89.** | А1 | Б1 | П+1 (Нмах=6.5м)<br>П+2 (Нмах=9.0м) | 179 | 116.20 | 232.00<br>349.00 | 65 |

“.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1008/1
17 февруари 2021 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

54.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ДУП ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕЛ
ОД НАСЕЛБА „ГОРНО МААЛО“ ДЕЛ ОД
УЕ 7-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за донесување на ДУП за измена и дополна на дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1009/2 | Општина Штип
18 февруари 2021 година | Градоначалник
Штип | Сашко Николов, с. р.

55.

Врз основа на член 41 точка 5 алинеја 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) и член 21 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНА НА ДЕЛ ОД НАСЕЛБА ГОРНО МААЛО ДЕЛ ОД УЕ 7-ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Се донесува Детален урбанистички план за измена и дополна на дел од населба „Горно маало“ дел од УЕ 7-Општина Штип, со плански период (2018-2023), со површина на опфатот (9.141,85м$^2$) изработен од ЈП „Стипион 2011“- Штип со технички број 14/18 од јануари 2021 година.

### Член 2

Предлог-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручната ревизија
- Согласност број 24-677/3 од 02 февруари 2021 година од Министерството за транспорт и врски-Сектор за уредување на просторот.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1009/1 | Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година | Претседател
Штип | Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

56.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНА И
ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ
НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА
ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

I

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1010/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

57.

Врз основа на член 96 став 2 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 16/13) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИОТ ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД ШТИП

Член 1

Во табелата во член 4 од Одлуката за користење на јавниот простор за паркирање на подрачјето на град Штип („Службен гласик на Општина Штип број 11/18 и број 07/19), во точката 4, под надолжно улично се додава нов ред кој гласи:

„Платформа (Трговски центар) со влез од ул. Генерал Михајло Апостолски под $90^0$ - 24 паркинг места“.

Во точка 5, под паркинг – суд (надолжно) се додава нов ред кој гласи:

„Платформа (Здравен дом – Народен театар) со влез од ул. Генерал Михајло Апостолски под $90^0$ - 24 паркинг места“.

Во точка 6 под Паркинг – Трговски ($60^0$) се додава нов ред кој гласи:

„Платформа (Трговски центар) со влез од ул. Маршал Тито под $90^0$ - 24 паркинг места“.

Точка 21 се изменува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| Улица „Маршал Тито“ (пред Здравен дом) | Улично под агол од $60^0$ | 4 |
| | Улично под агол од $90^0$ | 11 |
| | Платформа (Здравен дом – Народен театар) со влез од ул. Маршал Тито под $90^0$ | 24 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1010/1 Советот на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

58.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ФОНДАЦИЈАТА
ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И
СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за работа на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1011/2
18 февруари 2021 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Сашко Николов, с. р.

59.

Во врска со член 8 од Статутот на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип број 08-4389/4 од 30.08.2019 година (пречистен текст), а врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА
НА ФОНДАЦИЈАТА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА
И СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

Член 1

За вршење на основната дејност на Фондацијата за информатичка технолигија и солидарен фонд-Штип, се одобруваат средства во висина од 1.500.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1011/1
17 февруари 2021 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

60.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ТЕНИСКИ КЛУБ
„ТРИУМФ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Тениски клуб „Триумф“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1012/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

61.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА „ТК ТРИУМФ”-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на ТК „Триумф”-Штип, за котизација – годишна членарина во висина до 15.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 точка 1 на оваа Одлука да поднесат извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1012/1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

62.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ
„ШТИП УГД“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Одбојкарски клуб „Штип УГД“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1013/2 — Општина Штип
18 февруари 2021 година — Градоначалник
Ш т и п — Сашко Николов, с. р.

63.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА ОДБОЈКАРСКИ КЛУБ „ШТИП-УГД”-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Одбојкарски клуб „ШТИП-УГД”-Штип, за програмски активности и котизација – во висина до 250.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 точка 1 на оваа Одлука да поднесат извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1013/1
17 февруари 2021 година
Штип

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

64.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА РАКОМЕТЕН КЛУБ
„ТЕКСТИЛЕЦ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Ракометен клуб „Текстилец“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1014/2
18 февруари 2021 година
Штип

Општина Штип
Градоначалник
Сашко Николов, с. р.

65.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

РЕШЕНИЕ
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ

ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА РАКОМЕТЕН КЛУБ
„ТЕКСТИЛЕЦ“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Ракометен клуб „Текстилец“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1014/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

66.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА БОРЕЧКИ КЛУБ
„БАЛКАНЕЦ 2008“-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства на Боречки клуб „Балканец 2008“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1015/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

67.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и

13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
НА БОРЕЧКИ КЛУБ „БАЛКАНЕЦ 2008"-ШТИП

Член 1

Се одобруваат финансиски средства на Боречки клуб „Балканец 2008"-Штип, за програмски активности за натпреварувачка 2021 година – во висина до 950.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Се задолжува субјектот од член 1 точка 1 на оваа Одлука да поднесат извештај за одобрените финансиски средства.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1015/1 — Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година — Претседател
Ш т и п — Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

68.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКУВАЊЕ

I

Се објавува Одлуката за одобрување финансиски средства за лекување.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-1016/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

69.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Се одобруваат финансиски средства за лекување на:

- Биннас Адемова во висина до 3.000,00 денари;
- Благица Костадинова во висина до 6.000,00 денари.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1016/1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

70.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР
НА ОЈУДГ „АСТИБО“-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Управен одбор на ОЈУДГ „Астибо“-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1017/2
18 февруари 2021 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Сашко Николов, с. р.

71.

Врз основа на член 114 став 8, и 17 од Законот за заштита на децата (Службен весник на РМ број 23/13, 12/14 , 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18, 104/19, 146/19, 375/19, 85/20 и 311/20) и член 21 точка 22 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА
УПРАВНИОТ ОДБОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНАТА УСТАНОВА
ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“ ШТИП

Од член на Управниот одбор на Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Астибо“-Штип како претставник на основачот **се разрешува**:

- Даниела Трајковска

За нов член на Управниот одбор Општинска јавна установа за деца - Детска градинка „Астибо“-Штип како претставник на основачот **се именува**:

- Игор Богдановски

Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1017/1
17 февруари 2021 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

72.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на членови на Локален совет за превенција на Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1018/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

73.

Врз основа на член 21 став 1 точка 31 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 11 став 3 од Законот за полиција („Службен веник на РМ“ број 114/06, 06/09,41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ
НА ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА

1. Од членови на Локалниот совет за превенција, **се разрешуваат**:
- Благој Бочварски
- Јане Миланов
- Трајчо Димков

За членови на Локалниот совет за превенција **се именуваат**:
- Сашко Николов
- Маријана Рогожарска Поповска
- Иван Јорданов

- Емилија Рамбабова
2. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1018/1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

74.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ
И ИМЕНУВАЊЕ НА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР
НА ФОНДАЦИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА
И СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

I

Се објавува Решението за разрешување и именување на член на Управен одбор на Фондација за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1019/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

75.

Врз основа член 21 точка 34 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) и член 5 и 6 од Одлуката за основање на Фондација за информатичка технологија и локален економски развој „ЛЕР-ИТ“-Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 06/04, 6/06 и 10/11), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВЕН
ОДБОР НА ФОНДАЦИЈА ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА
И СОЛИДАРЕН ФОНД-ШТИП

1. Од член на Управниот одбор на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип **се разрешува**:
- Благој Бочварски
2. За член на Управниот одбор на Фондацијата за информатичка технологија и солидарен фонд-Штип, **се именува**:
- **Д-р Сашко Николов** – градоначалник на Општина Штип
3. Решението влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08-1019 /1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

76.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ
НА ПРОГРАМА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ
НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021-2023 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за донесување на Програма за енергетска ефикасност на Општина Штип за 2021-2023 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1020/2 Општина Штип
18 февруари 2021 година Градоначалник
Ш т и п Сашко Николов, с. р.

77.

Врз основа на член 132 став 1 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ број 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16, 53/16 и 189/16) и член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА
ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОД 2021-2023 ГОДИНА

Член 1

Се донесува Програмата за енергетска ефикасност на Општина Штип за период 2021-2023 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Програмата за енергетска ефикасност на Општина Штип за период 2021-2023 година со архивски број 22-367/2 од 25 јануари 2021 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1020/1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Ш т и п Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

78.

П Р О Г Р А М А
ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА ПЕРИОД 2021-2023 ГОДИНА

## 1. Вовед

Светот се повеќе се соочува со се потешки предизвици кои се однесуваат напроизводство и набавка на енергија. Да се задоволат потребите а воедно да се заштити и животната средина е еден од главните предизвици на денешницата. Ова може да се постигне со успешно управување со енергијата – со намалување на потрошувачката на енергија да постигнеме подобрување на внатрешните амбиенталните услови.

Како општински власти, треба да бидеме свесни за предизвиците пред кои сме исправени. Со долгорочното Енергетски ефикасно планирање директно можеме да влијаеме на економскиот развој на општината, а со тоа директно влијаеме на заштита на животната

средина. Уште поголема придобивка ќе имаме доколку успееме да ја намалиме енергетската зависност на општината.

Донесувањето на ПЕЕ на локално ниво, ќе се базира на одржлива енергетска политика за да се постигне координација помеѓу:

Секторот за енергија;

Заштита на животната средина;

Намалување на климатските промени и

Регионалниот развој;

ПЕЕ ќе обезбеди:

Преглед на моменталната потрошувачка на енергија;

Увид во моменталната состојба на објектите во надлежност на Општина Штип и точки каде може да се влијае на подобрување на ЕЕ на истите;

Дефинирање на активностите за подобрување на ЕЕ;

## 1.1 Цели на програмата

Целта на предложената Програма за Енергетска Ефикасност на Општина Штип е да се овозможи општината да ги намали трошоците за енергија и на тој начин го намали товарот врз општинскиот буџет. Конкретни цели кои што треба да се реализираат за намалување на трошоците за енергија се:

Намалена потрошувачка на енергија во општинските објекти до 30% до 2023 година;

Намалена емисија на стакленички гасови за 144% до 2023 година;

Зголемена употреба на извори на обновлива енергија до 20% до 2023 година;

Подобрени услуги за уличното осветлување во општината за добивање на 100% осветление според стандардите до 2023 година, како и намалување на трошоците за улично осветлување за 50% до 2023 година;

Намален делот за расходи на енергија во општинскиот буџет за 30% до 2023 година.

За постигнување на овие цели, потребно е да се размисли за моменталните приоритети за развој на општината, земајќи го во предвид капацитетот на вработените и финансиските средства со кои располага. Целите, активностите и ограничувањата во овој документ се во согласност со Законот за енергетика.

Чекор 1 - Тимот за ЕЕ дефинира долга листа на цели од Програмата за енергетска ефикасност

- Output: Прелиминарна верзија на листа на приоритетни цели

Чекор 2 - Програмата за енергетеска ефикасност ја презентира листата на Градоначалникот

- Output: Одобрена листа на приоритетни цели

Чекор 3 - Градоначалникот одобрува кратка листа на приоритетни цели од Програмата за енергетска ефикасност

- Output: Кратка листа на приоритетни ЕЕ цели

Чекор 4 - Градоначалникот ја презентира кратката листа на цели од Програмата за енергетска ефикасност до Советот на опшината

- Output: Предлог за приоритетни цели во општината

Чекор 5 - Советот на општината ги одобрува финалните цели од Програмата за енергеска ефикасност

- Output: Одлука на Советот на општината за кратката листа на приоритетни цели на општината

## 1.2 Енергетска политика и регулативи

Во развојот на сегашната Програма за Енергетска Ефикасност (ПЕЕ) се земени во предвид моменталната и применлива енергетска политика и регулатива како и останатите релевантни стратешки документи

### 1.2.1 Локални енергетски политики и регулативи

| Наслов на документот | Статус | Година | Опис и важност за ПЕЕ |
|---|---|---|---|
| Стратегија за ЛЕР 2012 -2017 | усвоена | 2012 | го дефинира и интерпретира изборот на стратегии и политики за градење на економскиот капацитет на локалната средина за подобрување на економската иднина и квалитетот на животот на заедницата и граѓаните. |
| Стратешки план за ЛЕСС-локален економски социјален совет | Усвоена | 2012 | |
| Под-стратегија за рурален развој на Општина Штип(2012-2017) | усвоена | 2012 | Едукации и обуки за одржливо искористување на обновливи извори на енергија |
| Стратегија за ЛЕР 2019 -2024 | усвоена | 2019 | го дефинира и интерпретира изборот на стратегии и политики за градење на економскиот капацитет на локалната средина за подобрување на економската иднина и квалитетот на животот на заедницата и граѓаните. |

### 1.2.2 Национална енергетска и регулативна политика[1]

Ова што следува е преглед на моменталното национално законодавство на локалните единици за самоуправа (LSGs).

Стратегија за подобрување на Енергетската Ефикасност во Република Македонија до 2020та година (Службен весник на Република Македонија бр.143/10).

Акционен План за обновливи извори на енергија на Република Македонија до 2025та година со визија до 2030та година(сл.весник 207/15).

Акциски План за изменување на акциски план за обновливи извори на енергија на Република Македонија до 2025та година со визија до 2030та година (Сл.весник 51/2017).

Стратегија за развој на Енергетиката на Република Македонија до 2040 та година (Службен весник на Република Македонија бр.25/20).

Стратегија за искористување на обновливите извори на енергија во Република Македонија до 2020та година (Службен весник на Република Македонија бр. 125/10).

Закон за Енергетска ефикасност (службен весник бр.32/20)

Правилник за енергетски карактеристики на зградите (Службен весник на Република Македонија бр. 94/13, 7/15, 176/15).

Правилник за Енергетска контрола (Службен весник на Република Македонија бр.94/13, 18/15).

Закон за градење (Службен весник на Република Македонија бр.130/09, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44,15, 129/15, 192/15 ,39/16, 71/16, 103/16 ,132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20).

Закон за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.05/02).

Закон за концесии и други видови на Јавно Приватно Партнерство (Службен весник на Република Македонија бр.6/12, 144/14, 33/15, 104/15, 215/15, 153/19).

Закон за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.61/04, 96/04, 67/07, 47/11, 192/15, 209/18, 244/19).

---

[1] Бидејќи овие законски документи се предмет на промена, мораат да бидат постојано и внимателно следени. На следниот линк се поставени сите национални регулативи: http://www.pravo.org.mk/

Закон за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/16, 65/18, 99/18).

Инструкции за имплементирање на енергетска ефикасност и мерки за заштеда на енергијата, определување на карактеристиките на добрата и услугите за јавни набавки, и спроведување на критериумите во врска со енергетската ефикасност и заштеда на енергија во текот на постапката на наддавање (прибирање на понуди).

### 1.2.3 Европски енергетски политики и регулативи

Македонија како земја кандидат за полноправно членство во Европската унија има обврска ефикасно да ги спроведе реформите во општествениот систем. Развојот на енергетскиот сектор е од посебно значење.

Во септември 1998та година, Република Македонија го ратификуваше Договорот за енергетска повелба, Договорот за основање на енергетска заедница, Рамковната конвенција на Обединетите нации за климатски промени и Кјото Протоколот.

Во согласност со Договорот за основање на енергетска заедница, Македонија го усогласува своето законодавство со постојната правна регулатива на Европската Унија за енергија, животна средина, конкуренција, обновливи извори на енергија, енергетска ефикасност и за нафтени резерви. Во овој контекст, постојат неколку важни директиви во областа на енергетиката кои се наведени подолу:

Директивата за енергетски карактеристики на згради 2002/91 / ЕC, 2010/31 / EU

Директивата за енергетска ефикасност и користењето на енергетските услуги и за укинување на Директивата 93/76 / EEC на Советот и 2006/32 / EC.

Директивата 2008/1 / EC за интегрирано спречување и контрола на загадувањето

Директивата 2012/27 / EU за енергетска ефикасност, за изменување на Директивите 2009/125 / EC и 2010/30 / EU и укинување на Директивите 2004/8 / EC и 2006/32 / EC

Директива за промоција на комбинираното производство на енергија врз основа на побарувачката на корисна топлина на внатрешниот пазар на енергија и за изменување на Директивата 92/42 / EEC, 2004/8 / EC.

## 1.3 Методологија за подготовка на ПЕЕ

Оваа ПЕЕ е развиена со користење на методологијата развиена и обезбедена од страна на Еконолер и Агенцијата за Енергетика, по консултациите со Светска банка. Методологијата е дадена во посебен документ, кој го опишува во детали процесот на развој на ПЕЕ, вклучувајќи го и целиот циклус на неговиот развој и неговото одобрување.

## 1.4 Основни податоци за општината

### 1.4.1 Географски карактеристики и климатски услови

Штип е еден од најстарите градови во Република Македонија. Неговата површина е 893км ², со населението од околу 47 798 жители.

Општина Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија помеѓу 41° 31′ 15′′ и 41° 44′ 25′′ северна географска ширина и 22° 10′ и 22° 13′′ источна географска должина.




Територијата на општината се карактеризира со изразито хетерогени орографски особености,условени со мошне динамична релјефна структура во која се застапени рамничарски делови претставени со дел од Овче Поле, Ежово Поле и котлините по река Брегалница и Крива Лакавица, ритчести простори и планински релјеф на Плачковица, Серта и Конечка.

Разновидната физиономија ја потенцираат и височинските разлики кои се движат од 204 m по течението на реката Брегалница до 1.676 m на планината Плачковица. Во Општината доминира рамничарско-ридското земјиште, бидејки површините до 500 м.н.в. заземаат 65,1% од вкупната површина на Општината. Општина Штип се простира централно во сливното подрачје на реката Брегалница.

Според морфолошките карктеристики, на територијата на општината јасно се издвојуваат 4 природни целини: долината на Брегалница, Криволакавичката долина, Ежево Поле со дел од Овче Поле и западните падини на планината Плачковица.

Во релјефната физиономија на територијата која ја зафаќа градот Штип и неговото непосредно опкружување, можат да се издвојат три целини и тоа:

- Ридеста (околу 10%)
- Падинска (околу 30%)
- Рамничарска (околу 60%)

Просторот што го опфаќа локацијата која е предмет на разгледуваниот ДУП се одликува со доминантно рамна физиономија, иако поширокиот релјеф за подрачјето е од ридест карактер.

Хидрографската мрежа на општина Штип ја сочинуваат две реки: Брегалница и Отиња. Реката Брегалница е со должина од 43км, додека реката Отиња е со должина од 3 км.

Источните и североисточните делови ги зафаќа планината Плачковица со врвовите Црквиште (1676 м.н.в.), Џамија (1569 м.н.в., Црн Врв (997 м.н.в.) , додека во југозападните делови планината Серта со врвовите Стране (819 м.н.в.), Голешец (895 м.н.в.) и Тиса Баир (462 м.н.в.).

Вкупниот шумски фонд на штипскиот регион изнесува 21.705 хектари.

Подрачјето на Општина Штип се карактеризира со умерено континентална клима и со одредени влијанија на изразито медитеранска клима преку долината на реката Брегалница. Ова подрачје се одликува со посебен температурен режим. Тоа е резултат на наведените карактеристики на подрачјето, а особено на продорите на студени и топли воздушни маси во текот на годината, кои во зимските месеци условуваат доста ниски, а во летните месеци доста високи температури на воздухот. Поради тоа, ова подрачје се одликува со зголемено апсолутно температурно колебање, чија вредност изнесува 64,9 °C.

Според податоците од мрежата на метеоролошки станици на Управата за хидро-метеоролошки работи, просечната годишна температура во подрачјето изнесува 12,8 °C. Во одредени години се менува од 11,8 °C до 14,2 °C.

Најстуден месец е јануари, со просечна месечна температура 1,4 °C. Најтопол месец е јули, со просечна месечна температура од 23,7 °C. Просечната летна температура изнесува 22,8 °C.

Според температурните показатели, подрачјето се одликува со топли лета, со умерено ладни зими, со повремени екстремно ниски и високи температури, зголемено екстремно температурно колебање и со потопла есен од пролет. Јужното медитеранско климатско влијание сосема слабо се чуствува, а поизразено е модифицираното умерено континентално влијаније. Ова подрачје всушност има своја локална клима која се одликува со посебен температурен режим.

Територијата на Општина Штип спаѓа во подрачја со малку врнежи. Просечната годишна сума изнесува 472 mm. Во текот на годината, врнежите се нерамномерно распоредени. Главниот максимум е во мај со просечна месечна сума од 63,3 mm, а секундарниот максимум е во ноември, просечно 54,3 mm. Главниот минимум е во август, просечно 29,3 mm, а секундарниот минимум е во февруари, просечно 34,1 mm. Релативно сушни месеци се во периодот јануари-април, јули-септември и декември. Релативно влажни месеци се мај-јуни и октомври-ноември, а највлажен е мај со 45% преку идеалната распределба.

Режимот на врнежите е изменет медитерански, кој се манифестира со поголеми врнежи во ладниот, а со помалку врнежи во топлиот дел од годината. Максимумот на врнежите е во доцните есенски месеци, но главниот максимум е во мај. Летните месеци, особено август, се со малку врнежи, а исто така и септември е со малку врнежи. Врнежите по месеци се доста нерамномерно распоредени, а врнежливите денови се главно со дневна количина до 10 mm.

Подрачјето се карактеризира со зголемено траење на сончевото зрачење. Во просек годишно има 2.370 часови со сончево зрачење или просечно 6,5 часови дневно. Максимумот е во јули, а минимумот во декември.

Просечната годишна релативна влажност изнесува 67% и во текот на годината постепено се намалува од јануари кон август, а потоа побргу се зголемува од септември до декември. Во одделни години средната годишна релативна влажност се менува и отстапува од просекот во граници од 64% до 73%, а средната месечна вредност на релативната влажност се движи од 42% (во август) до 88% (во јануари).

Маглата не е така честа појава, но се јавува скоро во сите месеци, со исклучок во летните и тоа во повеќето случаи како ниска магла. Просечно годишно се јавуваат 14 денови со магла, со максимум во декември и јануари - просечно 4 дена и во ноември - 3 дена. Појавата на град е со незначителна зачестеност, ограничена главно на периодот мај и април, а ретко во јуни и јули.

Росата се јавува во сите месеци од годината, но со изразена зачестеност од март до ноември. Просечно годишно се јавуваат 85 дена со роса, а во одделни години овој број се менува во граници од 33 до 161. По месеци, со најголем број на денови со роса се одликуваат мај, јуни и октомври-просечно од 12 до 14 денови.

Сланата е забележителна појава и се јавува од октомври до април. Просечно годишно се јавуваат 44 дена со слана, со максимум во трите зимски месеци, просечно од 8 до 10 дена, потоа во март и ноември просечно по 6 дена.

Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август. Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март. Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s., се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Ветровите од другите правци се јавуваат со значително помала зачестеност

Зачестените ветрови, високите температури и смалената влажност на воздухот, особено во топлиот дел од годината условуваат високи вредности на потенцијалното и на стварното испарување од слободната водна и почвена површина. Испарувањето во овој регион е со најголеми вредности во целата земја. Просечното годишно испарување изнесува 1.246 литри од 1 $m^2$ слободна водена површина. Максимумот е во август и јули, просечно 217 литри, односно 213 литри, а минимумот е во јануари, просечно 29 литри од 1 $m^2$.

| Опис | Информации |
|---|---|
| Адреса | Васил Главинов бр. 4Б |
| Веб-сајт | www.stip.gov.mk |
| Електронска адреса | gradonacalnik@stip.gov.mk<br>info@stip.gov.mk |
| Регион | Источно плански |
| Поштенски број | 2000 |
| Телефонски префикс | ++389 032 |
| ***Карактеристики на општината*** | |
| Површина [$km^2$] | 556 $км^2$ |
| Град Штип | 13,5 $км^2$ |
| Општина Штип | 556 $км^2$ |
| Број на жители | |
| Град Штип | 42 625 |
| Општина Штип | 47 798 |
| Број на домаќинства | |
| Град Штип | 13.812 |
| Општина Штип | 14.635 |
| Објекти (згради) | |
| **Земјиште** | |
| Земјоделско земјиште [ha] | 9.906 ha |
| Шуми [ha] | 21.705 ha |
| **Географски карактеристики и климатски податоци** | |
| Надморска височина (m) | 300 m |
| Географски карактеристики | |
| ширина ( ° , ” ) | 41°31’15" - 41°44’25" |
| должина ( ° , ” ) | 22°10’ - 22°13’ |
| Климатска зона | 1 |
| Климатски податоци | Умерено континентална клима |
| Проектна температура (°C)[2] | - 15 |
| Просечна температура за време на грејната сезона (°C) | 5,9 |

[2] Референтна вредност за проектирање на грејните инсталации.

| Опис | Информации |
|---|---|
| Должина на грејната сезона (денови) | 183 |
| Степен ден за греење (HDD) | 2,388 |
| Степен ден за ладење (CDD) | |

Преглед на ЕЕ пазарот за анализа

При изготвувањето на ПЕЕ, општината разгледа долга листата на релевантни сектори на пазарот за ЕЕ, дадени во методологијата на ПЕЕ. Поделени се во две групи: основни и дополнителни сектори. Одлуката за тоа дали одреден сектор потребно е да се анализира или не и дали да се вклучи во ПЕЕ главно се прави врз основа на следните критериуми:

Колкава е важноста на секторот во општината;

Достапноста и веродостојноста на внесените податоци;

Ниво на општинска контрола.

| Сектори на пазарот | Ниво на општинска контрола [3] | Вклучени во ПЕЕ (Да/Не) | Забелешки |
|---|---|---|---|
| **Основни сектори** | | | |
| Вода | ЛА | ДА | |
| Јавно осветлување | КБ* | ДА | |
| Општински објекти | КБ* | ДА | |
| Јавен транспорт | N/A | НЕ | Не е апликативно |
| **Дополнителни сектори** | | | |
| Објекти (приватни објекти) | N/A | НЕ | |
| Транспорт | N/A | ДА | Кои се користат за потребите на О. Штип |
| Отпад | N/A | НЕ | |
| Напојување и греење | N/A | НЕ | |
| Индустрија | N/A | НЕ | |

** Контрола на буџет (КБ)*

*** Локален комитет (ЛК)*

**** Локален акционер (ЛА)*

### 1.4.2 Потенцијал за искористување на обновливата енергија

Табела 1: Потенцијал за искористување на обновливата енергија во општина Штип

[3] За опишаните сектори, се прави одредена контрола во согласност со нивоата на општинска контрола дадени во Прилог II

| Обновливи извори на енергија | Опис |
|---|---|
| Термални и термоминерални води | Во близината на Штип се наоѓа термо-минералната бања “Кежовица” и термалните извори Л’џи кај Ново Село. Во локалноста Л’џи, во самото речно корито на реката Брегалница, од гранитите извираат хидротермални води. Кога водостојот на реката е поголем, се зголемува и издашноста на главните извори со 60 - 65 оС. Термалните води од “Кежовица” се во хидраулична врска со топлите извори од Л’џи, така што при испумпување на бунарите во бањата, доаѓа до намалување на издашноста во изворите на Л’џи. |
| Соларна енергија | Подрачјето на општина Штип се карактеризира со зголемено траење на сончевото зрачење. Во просек годишно има 2.370 часови со сончево зрачење или просечно 6,5 часови дневно. Максимумот е во јули а минимумот во декември.<br>Во регионот на Штип постои добар потенцијал за искористување пред се на соларната енергија, како извор на топлинска енергија со просечна инсолација од 2350 h/год како и за добивање на електрична енергија. |
| Ветерна енергија | Регионот се карактеризира со значителна појава на ветрови. Просечната годишна брзина изнесува 5,7 m/s, а максималната брзина достигнува до 27,0 m/s. Се јавува доста изедначено преку целата година, а со поголема зачестеност во јули и август.<br>Просечната брзина изнесува од 4,6 m/s во август до 8,8 m/s во март.<br>Југоисточниот ветер е втор по зачестеност во ова подрачје со просечна годишна брзина 6,2 m/s и максимална брзина до 27,0 m/s.<br>Се јавува преку целата година, а со максимална зачестеност во март и април. Во текот на годината просечната месечна брзина се движи од 3,3 m/s до 7,7 m/s. Ветровите од другите правци се јавуваат со значително помала зачестеност.<br>Поради зголемен интерес кај потенцијални надворешни инвеститори во последните неколку години на внимателно одбрани локации се вршат прецизни мерења на повеке параметри на ветерот како потенцијално обновлив извор на енергија. |

### 1.4.3 Општински Буџет

Во согласност со генералниот процес на децентрализација во Република Македонија, еден од клучните димензии е и фискалната децентрализација, т.е. фискална автономија во надлежноста на локалните самоуправи. Освен трансферите од буџетот на централната влада, кои секако следуваат во согласност со законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), други закони и пратечка регулатива им овозможуваат на ЕЛС финансиска автономија и во одредувањето на висината на след¬ниве даноци и давачки на локално ниво:

Даноци на недвижен имот, поклон и наследство (Закон за даноци на имот)

Комунални такси за приклучување и користење на сите видови на комуналната инфраструктура ( Закон за комуналните такси), и

Административни такси ( Закон за измени на законот за административни такси

Висината на овие локално дефинирани даноци и давачки, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за старт на нови бизниси, како и проширување на дејноста или обемот на постоечките бизниси (фирми) се еден од клучните фактори на локалниот бизнис амбиент во секој локален територијалитет.

| Година | Вкупен буџет на општината (МКД) | Вкупни трошоци за енергија[4] (МКД) | Трошоци за енергија како % од буџетот на општината |
|---|---|---|---|
| 2017 | 946.709.000 | 34.879.909,08 | 3,68% |
| 2018 | 759.370.734 | 39.749.121 | 5,23% |
| 2019 | 831.031.720 | 28.682.272 | 3,45% |
| 2020 | Предвидениот буџет за следната 2020 година е:992.087.00 МКД | | |

Од табелата се гледа дека трошоците за енергија (ел.енергија и греење) имаат тенденција на благо опаѓање во периодот 2017-2019 г. Трошоците за енергија се во согласност со предвидениот буџет на Општина Штип.

| Број | Главен енергетски проблем | Влијание | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Улично осветлување | КБ | Општина Штип |
| 2 | Зголемување на Енергетска ефикасност кај јавни објекти | КБ | Општина Штип |
| 3 | Зголемување на ЕЕ во Водоснабдувањето преку намалување на потрошената е.енергија и намалување на загубите на вода | КБ | Општина Штип ЈП„Исар“ |

| Број | Главни еколошки проблеми | Потребни инвестиции за решавање на проблемите | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 1 | Загадување на река Брегалница | / | Сите кои гравитираат кон сливот на р.Брегалница |
| 2 | Управување со отпад | / | Општина Штип |
| 3 | Непошумена околина | / | ЈП„Македонски Шуми“-ПО Серта и Општина Штип |

| Број | Приоритетни инвестициони проекти во иднина | Потребни инвестиции |
|---|---|---|
| 1 | Гасификација | / |
| 2 | Брана на р.Отиња | / |
| 3 | Зголемување на Енергетската ефикасност кај јавни објекти | / |
| 4 | Улично осветлување | 45.900.800 ден. |
| 5 | Зголемување на ЕЕ во Водоснабдувањето преку намалување на потрошената е.енергија и намалување на загубите на вода | 132.830.784 ден. |
| 6 | Изградба на затворен базен | / |

## 2. Преглед на моменталната потрошувачка на електрична енергија

[4] Трошоците за енергија ги опфаќаат сите фактурирани извори на енергија (електрична енергија, дрво, дизел, итн.)

## Сектор вода

### Питка вода

Градот Штип се снабдува со вода за пиење од бунарски систем kој е лоциран од двете страни на р.Брегалница на три локалитети Фортуна, АРМ и Штипско езеро.
Приливот на водата во бунарите не е константен и зависи од повеќе фактори. Хидрауличната врска помеѓу р.Брегалница и водоносниот слој, времето како променлив фактор, сето ова доведува до постоењето на нестационарни услови на филтрација.Од овие причини издашноста на бунарите не е постојана.
Локалитетот Фортуна има мрежа од 5 пиезометри, локалитетите Штипско и АРМ има мрежа од 4 пиезометри.
Сировата вода од бунарите се транспортира преку два независни цевководи до ППС„Баби“, од каде до Пречистителната станица за вода истата се транспортира низ два независни потисни цевководи со должина од 2км(секој поединечно).
Пречистителната станица за вода се наога на околу 3 км Североисточно од градот Штип на надморска височона од 381,5-кота на дно.
Таа е изградена да врши третман на :

1. Постојниот каптажен систем со краен капацитет од 500 l/s.
2. Површински води со краен капацитет од 500 l/s.

Пречистителната станица има со резервоар капацитет од 2320 м$^3$ од кои 1740 м$^3$ се за водоснабдување а останатиот дел се користи за одвивање на технолошкиот процес за обработка на вода. На влез и на излез од пречистителната станица има инсталирано мерачи на проток, со кои се евидентира влез на сирова вода и излез на преработена вода.

- Магистралниот цевковод 1 е со должина од 4,9 км и ги снабдува со вода двата резервоара :Каракуш и Шардаван-Баши.
- Магистралниот цевковод 2 ги поврзува Пречистителната станица и ППС„Баби“ и преку истиот се снабдува со вода левиот дел на град Штип и Технолошко индустриската развојна зона.

Дистрибутивната мрежа е со должина од околу 125 км.
Снабдувањето на град Штип и околните населени места кои се приклучени на системот за водоснабдување се врши во најголем дел гравитационо. Деловите од градот кои се на повисока кота се снабдуваат со вода преку 3 препумпни станици.
Според проценките на ДЗС од 2016 г. во Штип живеат 48.673 жители(според пописот од 2002 има 47.796 жители). На системот за водоснабдување се приклучени 95% од населението а на системот за одведување на отпадни води 93%. Системот за водоснабдување опслужува 13.812 корисници или 46.036 жители.
Како еден од главните проблеми е процентот на ненаплатена вода кој се движи околу 60%.Во овј процент спаѓаат:
Технички загуби (физички загуби на водоводниот систем):
Прелевање на вода во резервоарите
Истекување на вода од магистралниот и дистрибутивниот систем
Истекување на вода во пуммпни станици
Истекување на вода на арматурите(споеви,затварачи,дефекти од корозија)
-Административни загуби
Нелегална потрошувачка (илегални и нерегистрирани потрошувачи)
Грешка во мерење заради неисправни водомери.
Редовно се врши поправка на настанатите дефекти.
ЈП„Исар“ –Штип управува и со локални системи за водоснабдување кои ги снабдуваат :с.Драгоево, с.Долани, с.Селце, с.Лакавица, с.Балталија, с.Шашаварлија.

| Тип на опрема | Старост (години) | Капацитет (l/s] | Тип |
|---|---|---|---|
| МЗТ-ДП-14-5 | 18 | | Бунарска пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ БР-200-7 | 45 | 50 | Бунарска пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ БР-200-7 | 45 | 50 | Бунарска пумпа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| LOWARA CN65-125/55 | 15 | 12,7 | Хоризонтална центрифугална |
| LOWARA CN65-125/55 | 15 | 12,7 | Хоризонтална центрифугална |
| LOWARA CN65-125/55 | 15 | 12,7 | Хоризонтална центрифугална |
| LOWARA CN50-125/ | 1 | 6,6 | Хоризонтална центрифугална |
| abs P1=2,3 kw | 6 | 13,8 | Муљна пумпа |
| abs P1=2,3 kw | 6 | 13,8 | Муљна пумпа |
| LOWARA -102 050 525 16 GS 40/A- | 12 | 2,2 | потопна пумпа |
| LOWARA 12GS 22 | 12 | 2,2 | потопна пумпа |
| LOWARA CN-65-125/55 | 6 | 13,3 | Хоризонтална центрифугална |
| WILO TWU 4-1615-C | 5 | 6,6 | потопна пумпа |
| LOWARA тип CN-32-160/22 | 8 | 1,6 | Хоризонтална центрифугална |
| WILO: типTWI 6.60-04-B | 9 | 21,6 | потопна пумпа |
| LOWARA Z 895 02/2B-6 PMP | 8 | 25 | потопна пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ BP-250-4 | 46 | 57 | Бунарска пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ BP-250-4 | 46 | 57 | Бунарска пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ BP-250-4 | 46 | 57 | Бунарска пумпа |
| ЈАСТРЕБАЦ BP-250-4 | 46 | 57 | Бунарска пумпа |
| WILO: типTWI 6.60-04-B | 9 | 21,6 | потопна пумпа |
| LOWARA 04 Z 658-4 | 9 | / | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-04-B | 8 | 21.6 | потопна пумпа |
| LOWARA 04 Z 658-4 | 7 | / | потопна пумпа |
| LOWARA 04 Z 658-3 | 7 | 21.6 | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-04-B | 7 | / | потопна пумпа |
| ANAVALOS | 13 | | потопна пумпа |
| ANAVALOS 6-ME-3 | 7 | / | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-04-B | 8 | 21,6 | потопна пумпа |
| WILO: SPI 06-060-04 | 8 | 16,6 | потопна пумпа |
| WILO: TWU 4-1615-C | 8 | 6,6 | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-04-B | 8 | 21,6 | потопна пумпа |
| SPERONI SXT 668-04 | 6 | 16,6 | потопна пумпа |
| LOWARA Z660 04-4 | 13 | 21,6 | потопна пумпа |
| WILO TWU 4-1608-C | 14 | 6,6 | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-03-B | 7 | 21,6 | потопна пумпа |
| WILO: TWI 6.60-04-B | 9 | 21,6 | потопна пумпа |
| JASTREBAC BP 200-7 | 45 | 50 | Бунарска пумпа |
| JASTREBAC BP 200-7 | 45 | 50 | Бунарска пумпа |
| JASTREBAC BP 200-8/D | 35 | 85 | Бунарска пумпа |
| JASTREBAC BP 200-7 | 35 | 50 | Бунарска пумпа |
| JASTREBAC BP 200-8/D | 45 | 85 | Бунарска пумпа |
| JASTREBAC BP 200-7 | 45 | 50 | Бунарска пумпа |
| LOWARA SV161OF110 | 25 | 6,6 | Вертикална центрифугална пумпа |
| LOWARA SV161OF110T | 25 | 6,6 | Вертикална центрифугална пумпа |
| GRUNDFOS CR-16-80 | 18 | / | Вертикална центрифугална пумпа |
| DAB: Q=10-32m³/час Hmax=95m | 8 | 8,8 | Хоризонтална центрифугална |
| DAB: Q=10-32m³/час Hmax=95m | 5 | 8,8 | Хоризонтална центрифугална |

| | | | |
|---|---|---|---|
| LOWARA 8GS30 | / | 3 | Лакавица и Балталија |
| LOWARA | 16 | / | потопна пумпа |
| LOWARA: SV- 3006 F – 110T | 16 | 10,8 | Вертикална центрифугална пумпа |
| GRUNDFOS SP-46-3 15кв | 23 | | Вертикална центрифугална пумпа |
| LOWARA | 7 | 3,8 | Вертикална центрифугална пумпа |
| WILO: MVI 814-1/25/E/3-400-50-2 | 7 | 3 | Вертикална центрифугална пумпа |
| Yildizsu Q=8,3–20 l\s, H=25-47 m, 6" | 2 | 15 | потопна пумпа |
| Yildizsu Q=8,3–20 l\s, H=25-47 m, 6" | 2 | 15 | потопна пумпа |
| Вкупната инсталирана моќност на пумпите е 1115 kW | | | |

Од податоците дадени во табелите за пумпите може да се види дека пумите се со постар датум на призводство и истите се со застарена технологија и работат со низок степен на корисно дејство.

Со замена на споменатите пумпи со нови пумпи изградени по современи технологии може да се направи заштеда во смисол на потрошувачка на електрична енергија и до 25% за еден месец.

Гледано глобално за целиот водоснабдителен систем со замена на сите поголеми пумпи со соодветни со исти карактеристики се добива намалување на потребната моќност на пумпите од 20% за иста количина на испорачана вода.






| Систем за водоснабдување | Број на жители | Годишно производство на вода во | Потрошувачка на енергија при производство на вода за пиење | Специфична потрошувачка на водата за пиење | Процент на вода за која не се плаќа надомест |
|---|---|---|---|---|---|
| | | ($m^3$) | (kWh) | [kWh/($m^3$)] | (%) |
| 2017 | 48694 | 2.276.594 | 8.170.431 | 3,58 | 59.5 % |
| 2018 | 48590 | 5.632.198 | 7.331.432 | 1,3 | 58 % |
| 2019 | 48620 | 5.803.436 | 7.554.546 | 1,3 | 59.16 % |

## Отпадни води

Канализациониот системна град Штип се состои од канализациона мрежа и колекторски систем канализационата мрежа е со должина од 97,7 км. На канализационата мреже се приклучени: град Штип, Три Чешми и нас.Брегалничка.
Во населбите Балканска и Чардаклија е изведена канализациона мрежа и заеднички колекторски систем кој не е приклучен на колекторскиот систем а во с.Караорман е во тек изградба на канализациона мрежа.
Канализационата мрежа е изградена од различни материјали:
Керамички 21%
Пластични PVC материјали 23%
Армирано бетонски 24%
Азбест цементни 32%
Колекторскиот систем е со вкупнс долшина од 13.2 км, почнува од Три Чешми.
Отпадните води завршуваат директно во р.Брегалница во месноста викана Калимерово. Со ДУП е предвидена изградба на Пречистителна станица. 93% од населението на град Штип е приклучено на канализационата мрежа.
Општина Штип во МЖСПП беше опфатена со проект. Подготовка на студии(СИ, СТД, ОВЖС), проектна документација на отпадни води за општините Велес и Штип имплементирани од МЖСПП.
Во рамките на проектот, за Општина Штип се изработени:

- Физибилити студија и cost benefit анализа;
- Студија за влијание на животната средина;

- Основен проект за реконструкција и рехабилитација на канализациона мрежа и главен колекторски систем;
- Идеен проект за изградба на Пречистителна станица за отпадни води;

## Јавно осветлување

Општина Штип покрива површина од 556 km² со 391 km од улици. Сите главни улици и околу 89 % од другите улици се покриени со улично осветлување. Системот за улично осветлување е во сопственост на општината. За одржување на уличното од април 2017 г. е задолжено ЈП„Стипион 2011“. Трошоци за електрична енергија ги покрива Општина Штип. Уличните светилки кои се неефикасни се од тип на живини светилки. Трошокот за осветлување претставува значителен дел од општинскиот буџет. Голем трошок за општината представува и одржувањето на системот на улично осветлување поради неефикасноста на живините светилки. Годишните трошоци за електрична енергија за улично осветлување претставуваат 1,34% од општинскиот буџет.

| Тип на осветлување | Тип на столбови[5] | Инсталирана моќност (W) | Број на светилки | Вкупен број на светилки | Вкупна инсталирана моќност (kW) |
|---|---|---|---|---|---|
| LED | Метални Бетонски | 100.000 | 2.500 | 2.500 | 100 |
| Живини (Hg) | Бетонски Дрвени | 380.000 | 3.000 | 3.000 | 380 |
| Натриумови (Na) | Бетонски Дрвени | 120.000 | 400 | 400 | 120 |
| Металхалогени | Бетонски Дрвени | 50.000 | 200 | 200 | 50 |
| | | | **ВКУПНО** | **6.100** | **650** |
| | | | **Вкупен број на столбови** | **6.100** | |
| | | | **Број на прегорени светилки** | **3.000** | |




**Слика 1: Типови на светилки – вкупен број**

[5] Внесете го типот на столбот во однос на бројот на светилки, на пример 2 светилки по столб или 3 светилки по столб итн.




**Слика 2: Типови на светилки - капацитет**

| Вид на патишта | Вкупна должина на патот (km) | Вкупно осветлени патишта (km) | Процент на осветлени патишта (%) |
|---|---|---|---|
| Главни улици | 18,6 | 18,6 | 100% |
| Споредни улици | 373,5 | 330,4 | 88.34% |
| Вкуно | 392,1 | 349 | 89,03% |




200,000
180,000
160,000
140,000
120,000
100,000
80,000
60,000
40,000
20,000
0
179,851
147,054
140,937
131,606
117,873
107,370
115,677
123,663
133,899
155,317
165,462
179,458
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември


Фактурирани трошоци (МКД)
1400000
1200000
1000000
800000
600000
400000
200000
0
1,179,967
964,788
925,308
863,437
773,343
704,697
759,641
811,331
878,483
1,019,003
1,085,562
1,177,389
0
Јануари
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
Фактурирани трошоци [MKD]

| Систем на јавно осветлување | Број на осветлени столбови | Вкупна должина на патишта | Вкупна должина на осветлени патишта | Потрошувачка на електрична енергија во јавното осветлување | Потрошувачка на електрична енергија за осветлен столб | Потрошена електрична енергија за km од градските патишта | % на градски осветлени патишта |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (km) | (km) | (kWh/a) | [kWh/(по столб)] год. | [kWh/(km)] год. | (%) |
| | 6.100 | 392,1 | 349 | 1.698.165,43 | 278,39 | 4.865,8 | 89,03% |
| Вкупно | **6.100** | **392,1** | **348** | | | | |

Како што предходно беше споменато главен проблем кај уличното осветлување се јавува големиот број на Живини светилки бидејќи истите се големи потрошувачи на ел.енергија Поради ова се предложени следниве мерки за надминување на постоечката состојба:

- Со замена на 39% од постоечки живини светилки и 18 % на натриумови светилки со нови штедливи светилки (ЛЕД) е остварено намалување на трошоците за електрична енергија и одржување за околу 23% .
- Доколку се направи комплетна замена на останатите живини и натриумови светилки со нови штедливи LED светики, ќе се добие дополнително намалување на трошоците за електрична енергија и одржување за уште околу 40%.

Мора да се каже дека во однос на зголемување на ЕЕ веќе се превземени одредени мерки:

- Направено е одвојување на управувачките уреди (контролни) за улично осветлување од трафостаниците и нивно надворешно поставување. Контролата на вклучување и исклучување на уличното осветлување се врши со светлосни сензори (форели). Со ова се постигна ефикасна регулација и целосен увид во работењето на уличното осветлување.

- Евидентирани се електричните столбови, мерни места и електрични броила, евидентирањето е според УЗ и МЗ и улици.

## Сектор објекти

### Општински објекти

Општина Штип има во сопственост и одржува 26 јавни згради со вкупна кондиционирана (грејна) површина од околу 51.810 m² Енергијата која се користи од овие општински објекти е околу 5.234,4 MWh годишно, односно околу 7,71% од општинскиот буџет е потребен за да ги покрие соодветните трошоци за потрошена енергија. Зголемувањето на трошоците за енергија главно се должат на зголемената цена на енергенсите. Податоците со кои располага Општина Штип се податоци за зградите што се во сопственост на општината како вкупна површина, грејна површина, потрошувачка на енергија и гориво, извори на енергија и системи за производство на енергија. Податоците се собираат од администрацијата која работи во овие објекти со тоа што се добиваат од нив фактурите за потрошена електрична енергија, гориво, како и основните проекти на основа на кој се изградени објектите.
Сите овие објекти се со средна физичка состојба при што имаат големи трошоци за енергија затоа што користат локален систем за затоплување на нафта. Системите за загревање во сите објекти со, мали исклучоци, се дотраени и се во функција повеќе од 30 години без притоа да се користи регулација на топлината или да се вршат мерења за загубата на енергија.
Во изминатиов период реализирани се следниве проекти:

ООУ„Тошо Арсов“ - во изминатиот период извршена е целосна замена на сите прозори и врати а во тек е целосна реконструкција на кров со Енергетско ефикасни материјали и поставување на термо фасада, проектот е реализиран со 100% финансирање од МОН.
ООУ„Димитар Влахов“ во 2018 год. извршена е замена на котел за греење.
ООУ„Гоце Делчев“ – подрачно училиште – поставени се фотоволтаични панели.
СОУ„Коле Нехтенин“ – извршена е целосна реконструкција на кров со Енергетско ефикасни материјали (2020), извршена е замена на еден котел за греење во 2019 год.
ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Пчелка – поставена е инсталација за топловодно радијаторско греење(донација) и котел на пелети.
ОЈУДГ„Астибо“- Цветови – извршена е замена на прозори и врати(2020) и заменет котел за греење, проектот е реализиран со донација од Јапонска Влада.
Заедничко за сите објекти (со мали исклучоци) е дека имаат дотраени фасади кои се пред распаѓање.
Во сите општински објекти потребно е:
Замена на постојниот систем и енергенс за затоплување,
Замена на внатрешното осветлување во сите објекти,
Целосна реконструкција на Клон „Пчелка“, Клон „Бамби“,
Реконструкција на кров на ЈУДОДГ Астибо Р.Е. Астибо и замена на прозори и врати кои не се заменети.
Замена на прозори и врати ООУ „Димитар Влахов“, Клон „Сончогледи“. Со примена на оваа мерка се проценува дека би се намалила потрошувачката на енергија за 20%. Мерката се предвидува да се финансира по пат на грантови, донации и средства од општинскиот буџет. Рокот за имплементација да биде до 2023 година.
Изработка на стручни аудити за сите објекти заради определување на приоритети при реконструкцијата на објектите. Се проценува дека за оваа мерка ќе бидат потребни околу 500.000 денари, а мерката се предвидува да се финансира дел со средства од општинскиот буџет, дел во соработка со организации кои изработуваат стручни аудити како донација.
Воведување на систем на далечинска контрола на топлинските станици или подстаници и регулирање на режимот на работа во сите објекти, а во функција на заштеда на енергија во работното време, вон работното време и празници, при што се очекува намалување на трошоците за 10%. Целата мерка се предвидува да се финансира од буџетите на училиштата или општинскиот буџет, а инвестицијата се проценува да не биде поголема од 600.000 МКД.

2: Преглед на општинските објекти

| Вид на општинска зграда | Опис | Број | Вкупна површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| Образовни објекти | Оснвни училишта(централни и подрачни) | 10 | 20.522 |
| | Средни училишта | 3 | 14.166,43 |
| Објекти за социјална грижа | Детски градинки | 8 | 15.503 |
| Општински административни објекти | Општина Штип | 1 | 3.526 |
| | Мултимедијален центар | 1 | 643 |
| | ЈП„Исар“ | 1 | 761 |
| | ЈП„ Стипион 2011“ | 1 | 261 |
| | ОУК„ Дом на Млади“ | 1 | 800 |
| | **ВКУПНО** | **26** | **51.810** |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| **Образовни објекти** | | | | | | | | | | |
| ООУ„Ванчо Прке“-централно | 1129 | 4170 | 4170 | 44.233 | 528.221 | 572.454 | 10,6 | 126,67 | 137,3 | 1.751.405 |
| ООУ„Ванчо Прке“-с.Лакавица | 8 | 285 | 20 | 2.921 | 1.920 | 2.921 | 10,25 | 96 | 106,25 | 143.836 |
| ООУ„Ванчо Прке“-с.Селце | 13 | 256,12 | 182 | 471 | 26.831 | 27.302 | 1,84 | 147,4 | 106,6 | 82.946 |
| ООУ„Гоце Делчев“-централно | 623 | 3165 | 2985 | 29.435 | 246.750 | 276.185 | 9.3 | 77.96 | 87,26 | 1.374.940 |
| ООУ„Гоце Делчев“-н.Три Чешми | 76 | 547 | 435 | 7.252 | 58.750 | 66.002 | 13,26 | 107,4 | 120,66 | 330.060 |
| ООУ„Гоце Делчев“-с.Шашаварлија | 14 | 100 | 68 | 5.562 | 26.831 | 32.393 | 5,56 | 268,31 | 323,93 | 97.475 |
| ООУ„Тошо Арсов“-централно | 762 | 3771 | 3.771 | 52.211 | 340.997 | 393.208 | 13,85 | 90,43 | 104,3 | 1.862.624 |
| ООУ„Тошо Арсов“-подрачно | 77 | 485 | 485 | 4521 | 29.434 | 33.955 | 9,32 | 60,69 | 70,01 | 164.438 |
| ООУ„Димитар Влахив“ | 1051 | 5978 | 5978 | 73.720 | 286.912 | 360.632 | 12,33 | 47,99 | 60,32 | 2.132.848 |
| ООУ„Славејко Арсов“ | 395 | 1721 | 1721 | 42.936 | 94.000 | 136.936 | 24,95 | 54,62 | 79,57 | 946.194 |
| СОУ„Славчо Стојменски“ | 615 | 3472 | 3472 | 48.695 | 176.250 | 243.521 | 14,03 | 50,76 | 70,14 | 769.610 |
| СОУ„Јане Сандански“ | 900 | 2641 | 2641 | 77.740 | 176.250 | 253.990 | 29,44 | 66,74 | 96,17 | 1.542.723 |
| СОУ„Коле Нехтенин“ | 846 | 8503 | 8503 | 95.111 | 528.750 | 623.861 | 11,18 | 62,18 | 73,37 | 2.956.892 |
| **Вкупно за Образовни објекти** | **6.509** | **35.094** | **34.431** | **484.808** | **2.521.896** | **3.023.360** | **133,92** | **809,12** | **1435,88** | **14.155.991** |
| **Објекти за социјална грижа** | | | | | | | | | | |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична на потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Другарче | 306 | 1.946 | 1.946 | 40.097 | 211.559 | 251.656 | 20,6 | 108,71 | 129,31 | 1.125.327 |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Развигорче | 226 | 1.683 | 1.683 | 64.078 | 235.071 | 299.149 | 38,07 | 139,67 | 177,74 | 1.358.324 |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Пчелка | 97 | 196 | 196 | 12.761 | 50.130 | 62.891 | 65,1 | 255,77 | 320,87 | 212.742 |
| ЈУДОДГ„Вера Циривири Трена“-Росица | 47 | 450 | 450 | 21.516 | 210.983 | 232.499 | 47,81 | 468,85 | 516,66 | 1.020.152 |
| ОЈУДГ„Астибо“ | 246 | 3313 | 3313 | 121.913 | 209.162 | 331.075 | 36,8 | 63,13 | 99,9 | 1.709.795 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Цветови | 212 | 1200 | 1200 | 26.055 | 143.409 | 169.464 | 21,71 | 119,5 | 141,22 | 854.263 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Сончогледи | 316 | 1600 | 1600 | 53.557 | 140.817 | 194.347 | 33,47 | 88,01 | 121,48 | 991.341 |
| ОЈУДГ„Астибо“-Бамби | 120 | 607 | 607 | 16.569 | 94.603 | 111.172 | 27,29 | 155,85 | 183,15 | 560.096 |
| **Вкупно за објекти за социјална грижа** | **1.570** | **10.995** | **10.995** | **356.546** | **1.295.734** | **1.652.253** | **290,85** | **1.399,49** | **1.690,33** | **7.832.040** |
| **Општински административни објекти** | | | | | | | | | | |
| **Општина Штип** | 158 | 3526 | 2939,33 | 129.749 | 141.024 | 270.773 | 36,8 | 47,98 | 84,78 | 1.930.831 |
| Мултимедијален центар | 3 | 643 | 643 | 6.289 | 23.500 | 29.789 | 9,78 | 36,55 | 46,33 | 170.916 |
| ОУК„Дом на Млади“ | 7 | 530 | 300 | 18.592 | 19.601 | 38.193 | 35,08 | 65,34 | 100,42 | 231.228 |
| ЈП„Исар“ | 50 | 761 | 761 | 94.803 | 58.750 | 153.553 | 124,58 | 77,2 | 201,78 | 598.875,2 |
| ЈП„ Стипион 2011“ | 21 | 261 | 261 | 25.332 | 41.160 | 66.492 | 97,06 | 157,7 | 254,76 | 406.241 |
| **Вкупно за општински** | **239** | **5.721** | **4.904,33** | **274.765** | **284.035** | **558.800** | **303,3** | **384,77** | **688,07** | **3.338.091** |

| Краен корисник | Број на станари | Вкупна површина на зградата | Вкупна грејна површина | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на топлинска енергија | Вкупна потрошувачка на енергија | Специфична потрошувачка на електрична енергија | Специфична потрошувачка на топлинска енергија | Специфична потрошувачка на енергија | Трошоци на енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | $m^2$ | $m^2$ | kWh | kWh | kWh | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | kWh/($m^2$) | МКД |
| административни објекти | | | | | | | | | | |
| ВКУПНО | 8.318 | 51.810 | 50.330 | 1.116.119 | 4.101.665 | 5.234.413 | 728,07 | 2593,38 | 3.814,28 | 35.326.122 |

## Сектор транспорт

Подолу е наведен списокот на возила во сопственост на Општина Штип. Овде е значајно да се спомене дека Општина Штип нема организиран јавен превоз и затоа и нема ни јавно претпријатие за транспорт.

Chevrolet KLAK Spark
Регистрација: ШТ-898-БЈ
Година на производство: 2008 год.
Број на шасија: KL1KF484J9C562864
Број на мотор: A08S3053358KC1
Сила на мотор во (KW): 38 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 796 $cm^3$

Chevrolet KLAK Spark
Регистрација: ШТ-897-БЈ
Година на производство: 2008 год.
Број на шасија: KL1KF484J9C562964
Број на мотор: A08S3053239KC1
Сила на мотор во (KW): 38 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 796 $cm^3$

Chevrolet KLAK Spark
Регистрација: ШТ-899-БЈ
Година на производство: 2008 год.
Број на шасија: KL1KF484J9C562925
Број на мотор: A08S3053238KC1
Сила на мотор во (KW): 38 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 796 $cm^3$

Seat S.A Ibiza
Регистрација: ШТ-896-БЈ
Година на производство: 2008 год.
Број на шасија: KL1KF484J9C562964
Број на мотор: A08S3053239KC1
Сила на мотор во (KW): 63 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 1390 $cm^3$

Seat Ibiza 1.4 CLРегистрација: ШТ-328-ВМ
Година на производство: 1995 год.
Број на шасија: VSSZZZ6KZZ744151
Број на мотор: ABD 0586885
Сила на мотор во (KW): 44 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 1395 $cm^3$

Ford Mondeo GLX
Регистрација: ШТ-171-AZ
Година на производство: 1997 год.
Број на шасија: WF0AXXGBBAVE00362
Број на мотор: VF00362

Сила на мотор во (KW): 85 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 1795 $cm^3$

Volksfagen 3C Passat 1.8TSFI
Регистрација: ШТ-0001-АВ
Година на производство: 2007 год.
Број на шасија: WVWZZZ3CZ8P067739
Број на мотор: BZB/008328
Сила на мотор во (KW): 118 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 1798 $cm^3$

Автобус YUTONG
Регистрација: ШТ-0002-АВ
Година на производство: 2011 год.
Број на шасија: LZYTDTD6XB1027967
Број на мотор: YC6J220-30/J62YAB00649
Сила на мотор во (KW): 162 kw
Работна зафатнина на моторот во $cm^3$: 6500 $cm^3$

| Категорија на возило ECE[6] | Тип на гориво | Вкупен број на возила | Просечна старост (год) | Вкупен број на изминати километри (км) |
|---|---|---|---|---|
| M1 | Бензин | 7 | 15,57 | 1.717.327 |
| M3 II | Дизел | 1 | 9 | 136.007 |

Од прикажаните податоци може да се види дека Општина Штип поседува 7 возила, категорија М1 со просечна старост од 13,5 год. и вкупно 1.717.327 изминати km, или просечно 245.332,43 km.

| Тип на гориво | Единица мерка | Количина | Вкупна годишна потрошувачка на енергија (kWh/a) | Вкупна годишна потрошувачка на енергија (MJ/a) | Вкупни трошоци за енергија (МКД/а) |
|---|---|---|---|---|---|
| Бензин | l (литри) | 6.694 | 60.869,67 | 219.134,78 | 418.375 |
| Дизел | l (литри) | 2.586,34 | 25.436 | 91.569,63 | 157.766,74 |
| Биодизел | l (литри) | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Течен нафтен гас | l (литри) | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Компресиран природен гас (КПГ) 200 бари | Kg | N/A | N/A | N/A | N/A |
| Електрична енергија | kWh | N/A | N/A | N/A | N/A |
| **Вкупно** | | **9.280,34** | **86.305,67** | **310.704,41** | **576.141,74** |

## Сектор индустрија

Во општина Штип секторот индустрија пред се е составен од секторот на мали и средни претпријатија (МСП) кои работат профитабилно и претставуваат извор на вработување. Тие,

[6] Категоризацијата на возилата е дадена во ПРИЛОГ III

потребната работна сила ја црпат, пред се од невработената структура произлезена од технолошки вишок, или стечајна и ликвидациона постапка. Невработената работна сила е пред се висококвалификуван кадар, кој претставува добар потенцијал за развој на одредени индустрии со традиција во општината.
Носечки индустриски сектори во регионот се:
Текстилната конфекциска индустрија
Кожарската индустрија
Прехрамбената и преработувачката индустрија
Транспортните услуги
Трговија на големо и мало
Дрвна индустрија
Метало-преработувачката индустрија

### 2.5.1 Текстилна индустрија

Текстилната индустрија е од исклучително значење за економијата на Општина Штип според оствареното учество во вработеноста и извозот. За разлика од другите стопански дејности и индустрии, во областа на текстилната индустрија доаѓаат до израз приватните претприемачки иницијативи, се создава материјална основа, се остваруваат повеќестрани деловни врски со странски партнери, што претставува основа за натамошен развој.
Во областа на стопанството, текстилната индустија е водечка гранка во Општина Штип со забелележителни резултати во формирањето на БДП, вработеноста и извозот. Текстилната индустрија е развиена благодарение на приватизацијата на големите текстилни фабрики во градот и следователно се отворија нови 96 фабрики за производство на текстил, текстилни производи, индустриски текстил и друго, со вкупено 6540 вработени, што претставува 34,3% од вкупниот број на вработени во стопанството.
Поради забавените процеси на прилагодување во текстилната индустрија, преовладува лон работењето, кое се сведува главно на шиење како еден од најнедоходовните видови на соработка со странските партнери.
Новите текови во областа на текстилната индустрија се движат кон осовременување на машинските паркови, обуки на техничкиот персонал и примена на нови фибер влакна. Полека се појавува потребата од соработка меѓу текстилните асоцијации/кластери и фабриките, соработка на бизнис секторот со јавните институции преку моделот на Јавно приватно партнерство и реализација на проекти од таков вид, како и соработка меѓу фабриките од областа на текстилната индустрија и образовните институции во градот. Што значи дека текстилната индустрија веќе извесен период е во чекор со новите трендови на развој и подобрување на квалитетот за создавање на конкурентни брендови и производи.

### 2.5.2 Кожарска индустрија

Во кожарското индустриското производство во Штип, лидер е фабриката за чевли „Баргала”, една од најстарите во регионот (формирана е 1945 год.) и која навреме ги помина транзициските процеси и приватизацијата.
Во Баргала има 868 вработени, што претставува приближно 4,6% од вкупно вработените во општина Штип. 80 % од производството се извезува, додека 20 % е домашен пазар. Лон работата е карактеристика и на оваа индустриска гранка.

### 2.5.3 Градежништво

Во областа на градежништвото, во општините е извршена трансформација, па од некогашните големи градежни општествени фирми, носители на градежништвото, формирани се повеќе помали фирми.

### 2.5.4 Прехранбено-преработувачка индустрија

Прехранбено-преработувачката индустрија е исто така една од позначајните во регионот на Штип. Постојат капацитети за кондиторска индустрија, производство на масло, производство на безалкохолни пијалоци, преработка и конзервирање на овошје, како и неколку винарски визби.

### 2.5.5 Трговија и Транспортни Услуги

Во последните неколку години со отпочнување на процесот на приватизација во општината се регистрирани над 2.000 фирми, од кои поголем број се од сферата на трговијата. Големите општествени фирми од областа на трговија и услуги се трансформираа во помали и дисперзирани деловни субјекти.

### 2.5.6 Дрвна индустрија

Дрвната индустрија на територија на општината е во подем, и е застапена со примарно производство на дрвни елементи, како и производство на секундарни дрвни производи (мебел од масивно дрво и плочести материјали, и дрвени врати и прозорци). Ова е во принцип индустрија, која нуди можност за самовработување. Тоа е веднаш видливо од структурата на бизнисите во индустријата. Постојат неколку мали и средни претпријатија и уште стотина микро бизниси, кои во принцип нудат самовработување, и најчесто имаат еден до двајца вработени. Вкупниот број на вработени во оваа дејност е приближно 250 до 300.

### 2.5.7 Метало-преработувачка индустрија

Метало преработувачката индустрија е застапена со повеќе од 14 фирми. Тие заедно располагаат со покриена корисна површина од 17.000 м2 и во неа работат повеќе од 350 вработени. Бројката на вработените е сразмерно мала во однос на капацитетите поради процесот на преструктуирање. Во оваа гранка би требало да се очекува многу побрзо вработување на машка работна сила и тренд на нејзин развој во наредните години. Присутни се и директни инвестиции поради капацитетите и можностите што ги нуди оваа гранка.

Типични производи за оваа индустрија во Штип се: земјоделска механизација, опрема за наводнување, механички дигалки, алуминумска браварија, ковани огради, решеткасти конструкции за хали, соларни колектори и комплет соларни системи, метален мебел и галантерија, каси за банки и трезори, опрема за електроенергетски системи, сообраќајни знаци и општи услуги од металскиот сектор.

Во моментот од бизнис секторот во општинското рурално подрачје се присутни капацитети од винарската индустрија, капацитет за откуп преработка и сушење на зеленчук, продажба на украен фасаден камен, угостителски и рибен ресторант, мали земјоделски стопански капацитети на индивидуални земјоделски производители, преработка на индустриски мазива и масла, сепарација на камен и песок и транспортни претпријатија со магацински сладишта.

Работењето на Индустриската развојана зона во Општина Штип секако е значаен фактор во економскиот развоја на Општината.

## Преглед на потрошувачката на енергија

По анализата на секој сектор поединечно, направен е краток преглед на потрошувачката на енергија и трошоците за истата кои се прикажани во таб. 26. Од истата може да се види дека најголем потрошувач е Секторот за Вода со вкупно 7.554.546 kWh на годишно ниво. Следен по големина потрошувач е Секторот општински објекти со вкупно 4.376.430kWh на годишно ниво.

Секторот за Вода и Секторот за Улично осветлување користат само ел.енергија. Секторот општински објекти покрај ел.енергија за загревање се користи екстра лесно масло, дрва и пелети. Секторот транспорт е прикажан само транспортот за сопствени потреби и како енергенс користи бензин и дизел.
Во ООУ„Ванчо Прке" и на Филтер станица за прочистување на вода за пиење (која е дел од ЈП Исар) , инсталирани се Фото-напонски панели со моќност од 15 KW.
Од податоците добиени од страна на ЕВН може да се види дека ел.енергија произведена од Фото-напонските панели кои се инсталирани на **Филтер станица** целосно се користи за сопствени потреби и како резултат на тоа се забележува намалување на трошоците за ел.енергија.
Во однос на **ООУ„Ванчо Прке",** од добиените податоци од ЕВН се гледа дека ел.енергија која се добива од Фото-напонските панели не се користи во целост и голем дел од неа се предава во системот за дистрибуција.
Делот од произведената ел.енергија која се предава во системот не е евидентиран во Фактурите за Ел.енергија кои што се испорачуваат од страна на избраниот добавувач.
Треба да се напомене дека во однос на ПЕЕ 2018-2020 и покрај зголемувањето на должината на осветлени патишта, се бележи намалување на трошоците за ел.енергија и одржување за околу 23% во Сектор за Улично осветлување, што се должи на замената на нештедливи светилки со штедливи.

| Тип на Сектор | Потрошувачка на електрична енергија | Потрошувачка на енергија за другите извори на енергија | | | | Вкупна потрошувачка на енергија | Трошоци за електрична енергија | Трошоци за други извори на енергија | Вкупни трошоци за енергија |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Екстра лесно масло | Дрво | Дрвени пелети | Вкупно за другите извори на енергија | | | | |
| | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [kWh] | [МКД] | [МКД] | [МКД] |
| **Сектор за вода** | | | | | | | | | |
| Питка вода | **7.554.546** | | | | | **7.554.546** | **27.074.457,53** | | **27.074.457,53** |
| **Сектор за јавно осветлување** | | | | | | | | | |
| | **1.698.165,43** | | | | | **1.698.165,43** | **11.142.949** | | **11.142.949** |
| **Сектор општински објекти** | | | | | | | | | |
| Образовни објекти | 484.808 | 2.468.234 | 53.662 | | | 2.521.896 | 4.799.607 | 9.356.384 | 14.155.991 |
| Објекти за социјална грижа | 356.546 | 1.245.604 | | 50.130 | | 1.295.734 | 1.970.986 | 5.861.054 | 7.832.040 |
| Општински административни објекти | 274.765 | 264.434 | | 19.601 | | 558.800 | 2.202.722 | 1.135.369 | 3.338.091 |
| **Вкупно за секторот за општински објекти** | **1.116.119** | **3.978.272** | **53.662** | **69.731** | | **4.376.430** | **8.973.315** | **16.352.807** | **25.326.122** |
| **Сектор транспорт** | | | | | | | | | |
| Транспорт за сопствени потреби | | **25.436** | | | **60.869,67** | **86.305,67** | | **567.141,74** | **567.141,74** |
| **ВКУПНО** | **10.368.830** | **4.187.971** | | | | **13.715.447** | **47.190.721,53** | **16.919.949** | **64.110.670,27** |

# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА – ЕМИСИЈА НА СТАКЛЕНИЧКИ ГАСОВИ

| Извор на енергија | Фактори на емисија [7] | Сектор Општински објекти | | Сектор Јавно осветлување | | Сектор Вода | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии | Потрошувачка на енергија | $CO_2$ емисии |
| | $kg\ CO_2/kWh_{eq}$ | kWh | $kg\ CO_2$ | kWh | $kg\ CO_2$ | kWh | $kg\ CO_2$ |
| Електрична енергија | 0.915 | 1.116.119 | 1.021.248,9 | 1.698.165,43 | 1.553.821,4 | 7.554.546 | 6.912.409,6 |
| Екстра лесно масло | 0.267 | 3.978.272 | 1.062.198,6 | | | | |
| Мазут | 0.279 | | | | | | |
| Природен гас | 0.202 | | | | | | |
| Лигнит (кафеав јаглен) | 0.364 | | | | | | |
| Дрво | 0 (0.403)[8] | 53.662 | 0 | | | | |
| Дрвени пелети | 0 (0.403)[9] | 69.731 | 0 | | | | |
| Бензин | 0.249 | 60.869,67 | 15.156,5 | | | | |
| Дизел | 0.267 | 25.436 | 6.791,4 | | | | |
| ТНГ (пропан-бутан) | 0.227 | | | | | | |
| Топлинска енергија (централно греење) | 0.259 | | | | | | |
| **ВКУПНО** | | **5.304.090** | **2.105.395,4** | **1.698.165,43** | **1.553.821,4** | **7.554.546** | **6.912.409,6** |

[7] Извор: "Правилник за енергетска контрола", Службен весник број 94 од 04.07.2013. Стапено во сила од 12.07.2013

[8] 0 kg CO2 / kWh е вредноста напишана во Правилникот за енергетска контрола. Споредбата со "Насоките за IPCC, 2006, Национален инвентар на стакленички гасови, том 2: Енергетика" покажа вредност од 0,403 kg CO2 / kWh за дрво / дрвени отпадоци.

Влијанието врз животната средина воглавно е изразено најмногу со емисиите на стакленички гасови, како што е $CO_2$. Според податоците дадени во табела 22 евидентно е дека сите сектори кои се опфатени со направените испитувања се емитувачи на стакленички гасови, меѓутоа Секторот Вода се издвојува како висок емитувач на $CO_2$. Следен на листата е секторот Сектор Општински објекти како емитувач на $CO^2$.

## 4. ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

Во ова поглавје, општината ги оценува финансиските извори кои ги има на располагање и сумата на финансирање што може да се набави за инвестициите во енергетска ефикасност во следните три години. Општината треба да прави разлика помеѓу следново:

Основни способности за финансирање: нејзината способност да финансира проекти за енергетска ефикасност со користење на сопствениот буџет.

Дополнителни условени способности за финансирање: нејзината способност да ги искористи дополнителните средства (кредити) за финансирање на проекти за енергетска ефикасност

Проширени способности за финансирање: нејзината способност да набави дополнително финансирање преку иновативни средства, како што се јавно-приватни партнерства, концесии, оданочување, зелени обврзници, и слично.

Овие извори на финансирање треба да се совпаднат со приоритетните сектори, проектите и мерките од Програмата за енергетска ефикасност (ПЕЕ) за да се идентификуваат остварливите приоритети, за разлика од оние кои не се остварливи, за наредниот тригодишен период на Програмата за енергетска ефикасност.

Општина Штип е во состојба да добие пристап до голем број различни извори на финансирање, што иако ограничени, имаат потенцијал да се искористат за реализација на инвестициите во енергетска ефикасност. Во принцип, општината има пристап до следниве извори на финансирање:

- Даночни приходи –од државните и локалните даноци;
- Неданочни приходи – од локални такси, казни и давачки;
- Трансфери и донации од државниот буџет и разни донатори;
- Задолжување – од меѓународни и локални кредитори;

За одржување на јавното осветлување во 2021 година, во Буџетот на Општина Штип е потребно да се предвидат средства во висина од **24.500.000,00 денари**, но реализацијата на истите секако ќе зависи од процентот на наплатата на електричната енергија од потрошувачите.

Во 2021 година се планира, средствата собрани од комуналната такса за јавно осветлување да се искористат за следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| | потрошена електрична енергија | 12.000.000 |
| | одржување (репроматеријал и монтажа) | 8.500.000 |
| | изградба и реконструкција на системот за јавно осветлување | 4.000.000 |
| | Вкупно: | **24.500.000** |

При одржувањето на јавното осветлување во исправна состојба прв приоритет се дава на улиците околу градската болница, основните и средните училишта и детските градинки, како и на раскрсниците на главните улици и мостовите на реките Брегалница и Отиња.

Одржувањето на јавното осветлување во останатиот дел на градот ќе се врши по реони и по пријави на граѓаните, а редовно одржување на јавното осветлување и во 2021 година ќе се извршува во селските населби каде постои јавно осветлување.

Во делот на изградба и реконструкција се планираат следните активности:

- Осветлување на улица Панче Караѓозов
- Реконструкција на електрична инсталација (подземен кабел) на улица Маршал Тито (на потег од мостот кај судот до камен мост)
- Реконструкција на светилки на улица Сремски фронт од кружниот тек до спојот на улиците Сремски фронт и Драги Крупишки
- Реконструкција на светилки на улиците 5-ти Конгрес, Брача Даневи и Солидарност
- Осветлување на СРЦ Суитлак и Парк Кртеќе
- Реконструкција на електрична мрежа на ул. Гоце Делчев (мост кај Македонија пат)

- Реконструкција на електрична мрежа на ул. Гоце Делчев (Камен мост кај Макпромет)
- Реконструкција на светилки на ул. Сутјеска од зграда на ЕВН до училиштето Гоце Делчев
- Реконструкција на осветлувањето на ул. Гоце Делчев (од Црквата до мостот кај Македонија пат)
- Реконструкција на осветлувањето на улица Кирил и Методи и дел од улица Борис Кидрич
- Осветлување на конзолите околу р.Отиња
- Осветлување на улици и други локации по барања на УЗ доколку има средства во буџетот на општината.

Одржувањето на јавното осветлување ќе го врши ЈП „Стипион 2011“-Штип врз основа на оваа програма.

За извршувањето на оваа услуга Општината Штип и ЈП „Стипион 2011“-Штип ќе склучат договор за уредување на односите согласно Законот за јавните претпријатија.

Оваа Програма ќе се применува до донесување на нова Програма за 2022 година.

Број 08-1024/1 Совет на Општина Штип
17 февруари 2021 година Претседател
Штип Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

88.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1025/2
18 февруари 2021 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Сашко Николов, с. р.

89.

Врз основа на член 39 став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ” број 15/15, 98/15,193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 245/19), член 3 од Одлуката за утврдување на потребата за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 08/11) и член 21 став 1 точка 36 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седница одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА
ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2021 ГОДИНА

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема и локалитетите на кои може да се поставува урбаната опрема.
Оваа Програма се донесува за 2021 година и со истата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште.

**Цел на Програмата**

Со Програмата за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема на територија на општината;
- Естетско обликовните подобрувања и воведување на нови стандарди во уредување на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови на ракотворби преку изработка, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња, храна).

**Критериуми за определување на видот на урбана опрема**

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми, како што се намена и површина намената за вршење на дејноста,

- Естетско морфолошки критериуми; и
- Материјално експлоатациони критериуми,кои ги одредуваат економските аспекти категорија време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на Општина Штип треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење („Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20).

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да треба да се обезбеди непречен пристап до истата.

При поставување на урбаната опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со посебни потреби.

Со поставување на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема, со својот изглед и форма, не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бучава и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата на едната страна од платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди:

Поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0,80м од ивицата на коловозот (корпа за отпадоци, жардиниери, рекламни паноа и др.) односно 1.5м до 2,5м од ивицата на коловозот (за автобуски стојалишта, киосци).

Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4м, а при поставување на настрешници минималната височина изнесува 3,2м над слободната проодна површина.

Поставувањето на урбана опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење на угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставување на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5м. Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може да биде помал од 1,2м. Широчината на слободната проодна површина на тротоарите, се мери од ивицата на коловозот. Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото, на комуналниот или рекламен објект, во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0м од пресечната точка на двете регулациони линии. Доколку пешачката површина е поголема од 5,0м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина од 2,5м од работ на коловозот.

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:
Соодветни услови и согласности за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електро напојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица, односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.

Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови - со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл.

Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и слично.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Објектите што се урбана опрема може да бидат само приземни, со максимална висина на венец до 3,5м и висина на слеме добиена со минимален

нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15см.

**Видови урбана опрема**

**Платформи**

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено градежно земјиште кое може да прими поголема група граѓани, согласно стандардите на оваа одлука.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

При поставување на платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, корисникот е должен да плати комунална такса за целиот простор каде е поставена платформата без оглед на нејзината големина.

**Информативни паноа**

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на град, возен ред и друго) и огласување за културно-уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.

Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл.

**Летни дискотеки**

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.

**Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки или прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе, храна и сладолед**

Продажбата на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед ќе се врши во типски објекти кои мора да ги исполнуваат следните услови:

Монтажно-демонтажни типски објекти

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалаци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно-демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно-промотивни или деловно - информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови

Монтажните објекти со своето обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот раб на монтажниот објект повеќе од 50см.

На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

Монтажен објект или групација на монтажни објекти мора да биде лоцирана на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, лица со посебни потреби и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин. 1,5м. до 2,5м, а од раскрсница мин. 10,0м. од почетокот на радиусот за десно свртување.

Групирање на монтажните објекти се ограничува на најмногу 3 модули во група.

Технички услови

При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно-технички и хигиенски услови; да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода и канализација.

Подната, ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на стока да се изведат од непропусен и неотровен материјал кој не впива и кој лесно се чисти.

Услови за поставување на типски објекти

Типот и формата на овие објекти ќе ги утврди општината по пат на конкурс за избор на идејно решение. Вака утврдените објекти можат да бидат поставени од страна на општината, односно од страна на заинтересирани субјекти. Начинот на кој ќе бидат поставени овие типски објекти го утврдува градоначалникот. Издавањето на типските објекти поставени од страна на Општина Штип ќе се

издаваат по пат на јавен оглас со јавно наддавање. Поставување на типски објекти од страна на заинтересирани субјекти исто така ќе се врши по претходно објавен јавен оглас за јавно наддавање за добивање право на поставување на типските објекти. Субјектот со кој ќе биде склучен договор може да постави само објект во тип и форма утврдена од Општина Штип. Локациите за поставување на типски објекти се утврдуваат со годишната програма за поставување урбана опрема на територијата на Општина Штип. Почетната цена за јавното наддавање во двата случаи ја утврдува Советот на општината со посебна одлука.

**Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0м². За нив важат стандардите за монтажно-демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини.

**Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" број 142/15), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини - тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот односно пристап на возила на јавни служби.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардиниери, ограда, чадори, настрешници.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса (маси,столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардиниери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Поставувањето на урбана опрема од типот тераси, шанкови и настрешници, задолжително е изготвување на елаборат со кој се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

За терасите поставени во мињор корито (долно шеталиште покрај река) не смеат да бидат пошироки од 1,5 м.

Јавна површина може да се користи за летна тераса (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Чадорите се со минималната слободна височина од 2,4м.

Настрешница е лесен монтажно-демонтажен елемент кој се поставува на столбови кои можат да бидат прицврстени за јавната површина.

Оградите и жардиниерите поставени на летна тераса не смеат: да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардиниерите треба да биде изведена од квалитетни материјали со високо естетско ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардиниери кон пешачката зона односно истите се поставуваа само помеѓу соседни летни тераси.

**Покриени и отворени шанкови**

Покриени и отворени шанкови се поставуваат на сквер, во парк, на кеј, покрај водни и рекреативни површини.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**Самостоечките рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, а во согласност со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ” број 169/15, 226/15, 55/16, 11/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 302/20), Одлуката за утврдување на висината на надоместоците што се плаќаат за користење на општинските јавни патишта („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10) и Одлуката за начинот и постапката за поставување опрема за рекламирање на територијата на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 07/10).

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа (поголеми јавни површини или неизградено земјиште).

Детско игралиште може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена.

Детско игралиште може да се постави и во уредено зеленило.

**Подвижна урбана опрема-превозни средства**

На јавни површини може да се постави подвижна урбана опрема-превозни средства кои не ја загадуваат околината за рекреација и кои службата

за разгледување на градот (велосипеди на четири тркала, возови на електричен погон и сл.). При поставување подвижна урбана опрема особено треба да се внимава истата да не го попречува одвивањето на сообраќајот по улиците, а безбедноста на пешаците и корисниците на овие превозни средства мора максимално да биде обезбедена. Микролокациите за нивно поставување ќе ги одреди Одделението за комунални дејности во соработка со Одделението за урбанизам.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување на урбана опрема.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м х 1,2м за лица со посебни потреби.

Корпите за отпадоци можат да бидат слободностоечки или прикачени на столбови за јавно осветлување.

**Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на општината.

**Жардиниери, граничници**

Жардиниери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел визуелно да се ограничи просторот определен за урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и пешачка површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на урбана опрема, по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардиниерите и граничниците е 0,80м.

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во општината определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

На тезгите не е дозволено приготвување и продажба на храна која не е конфекционирана.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветно на локацијата. Површина на тезгите изнесува од 2,0 до 4,0$м^2$.

Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

Идејните решенија на урбана опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациските услови, со високи естетско-функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

**Дејности кои можат да се вршат во објекти на урбана опрема**

Со урбаната опрема можат да се вршат дејности во согласност со член 2 став 4 од Закон за градење („Службен весник на РМ" број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20).

**Рекапитулација на урбана опрема според намената и површината**

**Планирана диспозиција на урбана опрема**

Во табела е дадена диспозицијата на планирана урбана опрема по локалитети и истата ги содржи следните информации:

- нумерација на објектите;
- КП каде се поставува урбаната опрема;
- местоположба, улица и број на урбаната опрема;
- број на модули;
- вкупна површина во м$^2$;
- тип и намена

| р.б. | нумерација на објектите | Катастраска парцела (КП) | местоположба, улица и број | број на модули | вкупна површина во м$^2$ | Тип и намена |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | УО 7 Штип | КП 8420 | Ген. Михајло Апостолски паркинг Суд (скривница) | 1 | 9 | киоск за весници или храна |
| | УО 9 Штип<br>УО 10 Штип | КП 2684 | Ср.фронт/Џемал Биједиќ училиште Димитар Влахов | 2 | 18 | киоск за весници или храна |
| | УО 11 Штип<br>УО 12 Штип<br>УО 13 Штип | КП 3619 | Сремски фронт/Џемал Биједиќ градинка Астибо | 3 | 3x18 | киоск за цвеќе, весници, сладолед или храна |
| | УО 14 Штип | КП 4402 | Булевар ЈНА парк-зграда Л | 2 | 18 | киоск за весници, сладолед |
| | УО 15 Штип | КП 4359 | Булевар ЈНА ОУ Тошо Арсов | 3 | 24 | киоск за весници, сладолед, |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | цвеќе или храна |
| | УО 16 Штип<br>УО 17 Штип<br>УО 18 Штип | КП 2157 | Крушевска Република пред ОУ „Славејко Арсов“ | 3 | 24 | киоск за весници, сладолед, цвеќе или храна |
| | УО 20 Штип<br>УО 21 Штип<br>УО 22 Штип<br>УО 23 Штип<br>УО 24 Штип | КП 9173 и дел од КП 9172/1 | Градски гробишта | 5 | 40 | киоск за цвеќе и свеќи |
| | УО 36 Штип | дел од КП 4413/1 КО Штип 3 | улица Енгелсова (пред гаражите до Новата пошта) | 2 | 20 | киоск за весници или храна |
| | УО 38 Штип | дел од КП 1110/1 КО Штип 5 | улица Димитар Влахов (земјен дел после паркингот во Ново Село спроти Јаворот) | 2 | 20 | киоск за весници или храна |
| | УО 39 Штип<br>УО 40 Штип<br>УО 41 Штип<br>УО 42 Штип | дел од КП 3050/1 КО Штип3 | улица Сремски фронт (земјена површина спроти Ицо Брицо) | 4 | 36 | киоск за весници или храна |
| | УО 43 Штип<br>УО 44 Штип<br>УО 45 Штип | дел од КП 3050/1 КО Штип 3 | улица Сремски фронт (земјена површина спроти Нада Меркур) | 3 | 27 | киоск за весници или храна |
| | УО 46 Штип | дел од КП 10265/1 КО Штип 5 | улица Трајко Кошевски (пред СОУ „Јане Сандански“) | 1 | 9 | киоск за весници или храна |
| | УО 48 Штип<br>УО 49 Штип<br>УО 50 Штип<br>УО 51 Штип<br>УО 52 Штип | дел од КП 8620 КО Штип 5 | улица Борко Талев (до фискултурната сала на ООУ „Ванчо Прке“) | 5 | 45 | киоск за весници или храна |
| | УО 54 Штип | дел од КП 7515/1 КО Штип-5 | плоштад Тошо Арсов (спроти хотел „Оаза“) | 1 | 20 | киоск за сувенири, туристичка и културна понуда |
| | УО 55 Штип | дел од КП 7515/1 КО Штип-5 | плоштад Тошо Арсов (спроти хотел „Оаза“) | 1 | 9 | киоск за весници или храна |

**Посебни услови за поставување и одржување на урбана опрема**

Согласно Закон за градење („Службен весник на РМ” број 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11,13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“, број 244/19, 18/20 и 279/20), урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено земјиште и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Потребата за поставување на урбана опрема ја утврдува Советот на општината.

Урбаната опрема се поставува по добиено одобрение за поставување на урбана опрема, кое го издава градоначалникот на општината.

Урбаната опрема се поставува на микролокации согласно графичкиот прилог со точно позиционирање на урбаната опрема кое е нанесено на елаборат.

Формата и содржината на одобрението и начинот на неговото издавање ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Општината согласно Законот за градење води регистар на издадени одобренија за поставување и отстранување на урбаната опрема, а формата, содржината и начинот на водење на регистарот ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на управувањето со градежното земјиште.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење на просторот претходно е издадено одобрение за вршење дејност, од страна на надлежен орган.

Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост на барателот потребно е само одобрение за вршење на дејност пред деловна просторија.

Јавните претпријатија формирани од Општина Штип, ЈП „Стипион 2011“ и ЈП „Исар“ за свои потреби може да поставуваат урбана опрема на јавни површини, но претходно за истата мора да имаат одобрение издадено од градоначалникот на општината.

Изгледот, формата и материјалите од кои е направена урбаната опрема што ќе биде поставена од јавните претпријатија формирани од Општина Штип мора претходно да биде одобрена од градоначалникот.

Урбаната опрема што ќе ја поставуваат јавните претпријатија формирани од Општина Штип е нивна сопственост и истата може да ја даваат во закуп на трети лица, но не смеат да ја продаваат.

Одредбите на оваа Програма за начинот, постапката и условите за поставување и отстранување на урбана опрема важат и за урбаната опрема поставена од страна на јавните претпријатија формирани од Општина Штип.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде:

- дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации, и др.).
- краткотрајно, за период до 30 дена (манифестации, презентации, изложби и др.),
- сезонско, за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.),
- годишно за период до 1-5 години (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на општината.

Барањето за поставување на урбана опрема, се доставува до општината заедно со комплетна документација.

За продолжување на важењето на одобрението за поставување на урбана опрема, правното лице е должно најмалку 7 дена пред истекот на одобрението да поднесе ново барање за продолжување. Доколку не поднесе барање, а продолжи да го користи просторот ќе се смета дека има поднесено барање за продолжување за истиот период и ќе биде задолжен со комунална такса.

Доколку овластен општински инспектор костатирадека правното лице има поставено урбана опрема иистата ги исполнува критериумите за поставување на урбана опрема,апрваното лице нема обезбедено одобрение за поставување на урбаната опрема истото биде задолжено со комунална такса за наредниот период.

Доколку правното лице кој има поставено урбана опрема не планира да работи во одреден период е должен писмено да ја извести општината најмалку 7 (седум) дена пред денот на затворање на објектот, во спротивно ќе биде задолжен со комунална такса и за периодот во кој нема да работи.

Угостителските објекти кои имаат поставено урбана опрема во простор кој е заграден со фолии и слично, во зимскиот период од 15 октомври до 15 април ќе биде задолжен со комунална такса утврдена во Одлуката за утврдување на висината на комуналните такси („Службен гласник на Општина Штип“ број 08/15, 06/12, 14/12, 08/13 и 13/15).

Јавната површина на која се однесува издаденото одобрение за поставување на урбана опрема, имателот на одобренијата не може да ја издаде или пренесе на користење во закуп или подзакуп на друго лице со договор за деловно-техничка соработка, ниту со било кој друг правен акт.

Даденото одобрение за поставување на урбаната опрема не значат ослободување од обврската за исполнување на други услови пропишани со закон.

Оваа Програма ќе се применува до донесување на Програма за 2022 година.

Број 08-1025/1<br>
17 февруари 2021 година<br>
Ш т и п

Совет на Општина Штип<br>
Претседател<br>
Маријана Рогожарска Поповска, с. р.

90.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2021 ГОДИНА

I

Се објавува Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2021 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1026/2 | Општина Штип
18 февруари 2021 година | Градоначалник
Ш т и п | Сашко Николов, с. р.

91.

Врз основа на член 22 точка 7 и 9 од Законот за локална самоуправа („Службен гласник на РМ“ број 5/02), член 15 точки 7 и 9 и член 21 точка 11 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 17 февруари 2021 година, донесе

ГОДИШНА ПРОГРАМА
ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2021 ГОДИНА

Локалниот економски развој како надлежност на локалната самоуправа во најголем дел зависи од навремено планирање во локалната самоуправа, преку превземање на мерки и активности, форми и облици за овозможување услови за одржлив економски развој.

Мерките на национално ниво не секогаш се во можност прецизно да ги идентификуваат потребите на општините во Република Северна Македонија, и за таа цел се изготвува на годишно ниво Програма за локален економски развој

за секоја општина, која е базирана врз основа на усвоените Стратешки општински документи со што за секоја превземена активност се добива легимитет кој влијае позитивно кон општинскиот локален развој, изразена како алатка за планирање и истовремено дејствување и поддршка кон локалната економија за нејзин одржлив развој.

Локалниот економски развој ги поддржува правните субјекти, граганите организирани во здружени разни секторски форми како и физичките лица кои се претставници од повеке реалични сектори, кои имаат можност меѓусебно да соработуваат со цел постигнување на економски просперитет во локалната заедница и одржлив раст кој носи економска корист и подобрување на квалитетот на живот воопшто.

Процесот на планирање на програмата е базиран врз непосредно учество на претставниците од јавните институции, деловната заедница и невладиниот сектор кои преку воспоставена комуникација и соработка овозможуваат претпоставка за можно достигнување на заедничката зацртана визија, кон создавање на услови за градење на севкупен одржлив развој кој меѓу другото го промовира развојот на бизнисите кои пак истовремено ги овозможуваат условите за зголемување на вработувањето.

Програмата за работа на одделението за локален економски развој се подготвува и усвојува врз основа на надлежноста на локалната самоуправа која произлегува од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5 од 29.01.2002 година), Статутот на Општина Штип (донесен на седница одржана на 18 февруари 2003 од страна на Советот на Општина Штип со број 0101-186/1 од 18.02.2003 година), и законските одредби во Република Северна Македонија кои обработуваат економски теми, согласно препораките на Европската унија во дел од процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа согласно начелата за транспарентност и отчетност со усвојување на развојните плански документи.

Подготовката на програмата се базира врз претходно изработени проценки и анализи во заедницата од областите во кои локалната самоуправа има законски надлежости или е во фаза на нивно преземање.

Општина Штип преку Секторот за јавни служби, образование и локален економски развој, односно преку Одделението за локален економски развој, согласно надлежностите и задолженијата, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален економски развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети, во клучните области и истите ја претставуваат Програмата за локален економски развој на Општина Штип за 2021 година.

## 1.ЕКОНОМИЈА

**Воспоставување на комуникација, ширење на мрежата на соработка со општините и збратимување**

Општина Штип и одделението за локален економски развој и во 2021 година продолжува да соработува со општините во Република Северна

Македонија, регионот и земјите од Европската Унија, со што се отвараат можности за реализација на соработки и учество во проекти во областите култура, млади, спорт, екологија како и соработки во областите на традиционалниот и алтернативен туризам, заедничко учество и партнерство во проекти и програми на Европска Унија, на локално и национално ниво, редовна размена на информации, за успешна работа на единиците на локалната самоуправа како и збратимување со општините.

**Можности за креирање на нови работни места**

Општина Штип во соработка со Локално економски социјален совет на Општина Штип работи во континуитет на подобрување на можностите за креирање на нови работни места, со цел намалување на невработеноста и овозможување услови за подобрување на социо-економскиот развој, преку промоција на јавно приватното партнерство, делумно ослободување на надоместокот за комуналии, како и други поволности за потенцијалните инвеститори, иницијативи за донесување на ДУП-ови и со измени по поднесени поединечни барања од страна на претставници од деловниот сектор кои се поврзани со реализација на планирани нови инвестиции кои генерираат нови вработувања во приватните фирми како потенцијални инвеститори, како и промовирање на можноста за самовработување.

**Промоција на можностите за отпочнување нови бизниси атрактивни за странски и домашни инвеститори**

Општина Штип во соработка со Локалниот економски социјален совет на Општина Штип, врши истражување и анализа на потребите за креирање можности за почнување нови бизниси, атрактивни за домашни и странски инвеститори, собира мислења и работи на подготовка на пакет информации за заинтересирани потенцијални домашни и останати инвеститори и обезбедување поволности за инвестирање во Општина Штип.

2. ЗЕМЈОДЕЛСТВО

**Информации за земјоделците на веб страната на Општина Штип и издавање на општински потврди за апликанти подносители на барања по ИПАРД програмата**

Општина Штип во континуитет реализира активости за споделување навремени информации за земјоделците и во соработка со институциите на локално ниво од оваа област се врши прием на барање за издадена потврда за усогласеност на барањето за инвестиција во земјоделството која е во согласност општинските стратешки документи како еден од условите за подносителите потенцијални корисници на средства од програмите за поддршка на земјоделството при МЗШВ.

Дополнителна цел претставуваат и активностите за информирање и запознавање на земјоделците со програмите и достапни извори на финансирање со средства во земјоделството, од достапните програмите за поддршка во Земјоделството заедно и програмите од ЕУ и останатите извори на финансирање и фондови како потребни информации и обезбедување на соодветни услуги согласно барањата од објавени повици.

Активноста предвидува поставување на линкови и организирање на тематски информативни трибини и работилници за земјоделците на страната на Општина Штип и обезбедување на услуга издавање на потврда.

**Поддршка на земјоделците за информирање, за можностите за користење на мерките од ИПАРД програмата за поддршка од Европската Унија**

Одделението за локален економски развој во интерес на граѓаните и во 2021 година се планирани организација на настани од информативен карактер.
Оделението за ЛЕР заедно со АПРЗ - подрачна единица Штип и ПЕ при МЗШВ секоја година на организирани отворени тематски средби, овозможува информирање на земјоделците за користење на можности за користење средства од достапните програми за подршка во земјоделството, од ИПАРД програмата преку поддршка, објаснување на условите и поддршки во подготовка на потребната документација за аплицирање со ангажирани предавачи-консултанти од АПРЗ на Р.С. Македонија.

Целта на оваа активност е да се зголеми бројот на информирани земјоделци потенцијални корисници кои ќе аплицираат за ИПАРД мерките по објавување на повикот, а со тоа да се унапреди нивото на развој на земјоделството во општината.

**2.3 Активности на ЛАГ-Плачковица и аплицирање за користење средства по отворени повици со заинтересирани партнери**

Соработка помеѓу општините партнери иницијатори со формираниот ЛАГ-Плачковица и можно користење на средства по претходно објавување на годишни повици во 2021 година од Агенцијата за поддршка на земјоделството и руралниот развој и Бирото за регионален развој. Соработка со општините партнери: Конче, Радовиш, Штип и Карбинци заедно со членовите претставници од трите сектори.
**Извори на финансирање:** Буџет на РСМ преку МЗШВ, општинско кофинансирање и останати донатори.
**Предвиден Буџет:** Финансисики средства согласно условите и барањата по објава на повици.

**Подготовка на техничка и планска документација, поднесување на барање за користење на средства од Бирото за регионален развој по програмата за поддршка на селата и подрачјата со специфични развојни потреби при Министерство за локална самоуправа**

Поднесување барања за подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти потребни за користење на средства од програмата за рурален развој од Биро за регионален развој при Министерството за локална самоуправа, во руралните подрачја и тоа по мерките, - развој на подрачја со специфични развојни потреби и - развој на селата.

**Извори на финансирање:** Биро за регионален развој; Министерство за локална самоуправа

**Предвиден буџет:** финансиски средства предвидени со барањата во повикот

3. ИНФРАСТРУКТУРА

**3.1 Енергетска ефикасност**

**3.1.1. Програма за енергетска ефикасност на Општина Штип**

Спроведување мониторинг на потрошувачка на горива и електрична енергија за јавни објекти, вода, отпадни води, јавно осветлување и инфраструктура.

**3.1.2 Изработка на инвестициона, техничка документација, основен проект и инфраструктурен проект за изградба на гасоводната мрежа во Општина Штип.**

**3.1.3. Изработка на инвестициона техничка документација за поставување на автономни соларни светилки со столбови во градските паркови.**

**3.1.4. Изготвување на проектна документација за поставување на термоизолациони фасади, кровови и соларни панели на детски градинки, институции од јавен карактер и објекти во општинска сопственост.**

**3.1.5 Изготвување на инвестициона техничка документација за осветлување на тврдината Исар со поставување на патокази во соработка со НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Штип**

**3.1.6 Адаптација и санирање на ентериерното уредување во ОЈУГД „Вера Циривири Трена“ клон “Пчелка“.**

Згрижување на поголем број деца во детска градинка кои не биле досега опфатени-**во тек**.

**3.1.7 Заеднички мерки за спречување на шумски пожари во прекуграничниот регион.**

Општина Штип ќе учествува во ИПА Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРЕГ-ИПА БУГАРИЈА – МАКЕДОНИЈА со Генералната дирекција „Противпожарна заштита и заштита на населението" - Министерство завнатрешни работи од Софија, Република Бугарија.

Соработката ќе биде во рамки на проектот „Заеднички мерки за спречување на шумски пожари во прекуграничнио регион“, по приоритетна оска 1 „Животна средина“, специфична цел на програмата 1.2 „Спречување на ризикот и ублажување на последиците од природните и предизвиканите од човекот опасности и непогоди во географскиот регион на ПГС “.

**Извори на финансирање:** ИПА Програмата за прекугранична соработка ИНТЕРЕГ-ИПА БУГАРИЈА – МАКЕДОНИЈА

**Предвиден буџет: 12.687.866 денари (204.643,00 еур)**

**3.2 БРАНА НА РЕКА ОТИЊА**

**3.2.1 Изградба на Брана на река Отиња**
**Објавен повик за избор на оператор изведувач - пред почеток на изградба.**

**3.3. ЕКОЛОГИЈА**
**3.3.1. Уредување на речно корито на р. Отиња до влив на р. Брегалница.**
**3.3.2. Формирање нови зелени површини:**
**Населба 8-ми Ноември- пред хотел Вабо со површина од 1.000, м$^2$**
**Населба Пребег позади Центар за деца со аутизам со површина од 270, м$^2$**
**Населба Баби уредување на парковни содржини околу колективни станбени згради со површина од 1.284, м2**
**3.3.3. Изведба на платоа за поставување на контејнери во населба 8 Ноември, населба Пребег, населба Баби и населба Автокоманда.**
**3.4 Сообраќајни врски, тротоари, патеки**
**3.4.1. Изведба на конзолни тротоари покрај р. Отиња на потез од мост кај судот до мост кај гимназија Славчо Стојменски.**
**3.4.2. Изработка на проект за реконструкција на крстосница ул.Сремски фронт со ул.** Борис Крајгер во тек е тендерска постапка пред одобрение за изведба
Извори на финансирање:
**Предвиден буџет: 18.000.000,00 MKD**
**3.4.3. Обиколница од ул "Гоце Делчев" до ул. "Борис Крајгер" во нас. Сењак со мост на р. Брегалница. Во завршна фаза**
**3.4.4 Реконструкција на дел од улица"Партизанска"**
Општина Штип преку проектот „Градење на општинските капацитети за спроведување проекти" ќе аплицира на повик за Подготовка на проекти за локален развој за финансирање од националните и меѓународните развојни фондови – **„Фонд за техничка документација"** за Изготвување на техничка документација.
**Извори на финансирање:** УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој (СИДА)
**Предвиден буџет: 1.680.000 денари (30.000 долари)**
**3.4.5 Улична осветлување на обиколница од ул "Гоце Делчев" до ул. "Борис Крајгер" во нас. Сењак и на мостот на р. Брегалница.**
**3.4.6 Улица Панче Карагозов**
Реконструкција на улицата – пред одобрување за изведба
Извори на финансирање:Министерство за транспорт и врски
**Предвиден буџет: 13.067.508,00 MKD**
